08
Март 2013
ISSN 1857-8314

Македонска Ризница

електронско списание

Република Македонија

Македонска Ризница

ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК:
Благојче Андонов
ИЗДАВАЧ:
Александар Стеванов
ДИЗАЈН:
Сашо Гачев
СОРАБОТНИЦИ:
Владо Јаневски
Никола Анѓелкоски
Весна Ничевска Саравинова
Весна А. Брискоска
Ирена Јурчева
Томислав Османли
Драган Зајковски
Благоја Илијовски
М-р Стојанова Мери
Д-р Анета Светиева
Шенол Сак
Гоце Панговски
Борче Панов
Лука Видовски
Темза школо за странски јазици

08

Од редакцијата:

Почитувани,
Со гордост Ви го претставуваме осмиот број на „Македонска ризница“.

Она што започна како идеја на група ентузијасти денес со сигурност прераснува во шареноლик мозаик од историја, литература, уметност, документи и фотографии кои во себе го носат духот на се она што е македонско.

Голема благодарност до нашите бројни соработници кои несебично дадоа придонес во создавањето и развивањето на „Македонска ризница“. За нас тоа претставува дополнителен поттик и потврда да продолжиме со нови и секогаш интересни содржини.

Во овој број на „Македонска ризница“ ја издвојуваме соработката со ценетата Д-р Анета Светиева, како и интервјуто со Весна Ничевска Саравинова.

„Македонска ризница“ постојано ги следи активности на нашите македонисти и големи афирматори на Македонија во светот. Овој пат ви го претставуваме Шенол Сак од Турција.

Македонска ризница

ВО ОВОЈ БРОЈ ЌЕ ЧИТАТЕ:

Краток историјат на Преспанско - пелагониска епархија на МПЦ - ОА
Драган Зајковски........ 04
Разловечко Востание од 1876 година
Благоја Илијовски 08
Есен во воздухот
Томислав Османли 14
Деветата уметност од женска перспектива
Александар Стеванов 12
Невестински соништа
М-р Стојанова Мери 22
Сеќавање на соседот Евреин во Македонија
Благојче Андонов 40
Петар Драганов за политизацијата на македонскиот етнички идентитет кон крајот на XIX век
Д-р Анета Светиева........ 43
Такт - Борче Панов
Веле Смилевски........ 54
Македонските херои со таен идентитет
Александар Стеванов 56
Охрид низ објективот на Горан Петровски........ 60
Живеалиште на селанец од камен и дрво........ 62
Пријатели на Македонија - Шенол Сак 64
Светот на Бромо
Владо Јаневски 65
Карикатура - Гане Тодоровски
Никола Анѓелкоски........ 66

Краток историјат на Преспанско - пелагониската епархија на МПЦ - ОА

Историјатот на преспанско – пелагониската епархија е неразделно поврзан со епископијата во градот Хераклеја Линкестис, денешна Битола. Без претерување, слободно можеме да кажеме дека станува збор за еден од најстарите христијански центри на територијата на Република Македонија. Постоењето на оваа епископија, освен врз основа на археолошките податоци, посведочено е и во литерарните извори. Во овој контекст треба да се напомене дека сочуваниот изворен материјал со сигурност сведочи за присуството на епископите од Хераклеја Линкестис на неколку вселенски собори во V и VI век. Токму затоа, со право велиме дека станува збор за мошне угледна епископија, не само во Македонија, туку и пошироко во тогашната христијанска екумена.

Веќе во времето по паѓањето на Самоиловата држава под византиска власт во изворите почнува да се спомнува пелагониската епископија со седиште во градот Битола, а во состав на Охридската архиепископија. Нејзиното постоење е наведено во повелбите на византискиот император Василиј II каде наоѓаме податоци и за нејзината диецеза: градовите Битола, Прилеп, Дебрет и Велес.

Пелагониската митрополија продолжила да егзистира и подоцна, во времето на османлиското владеење. Претпоставуваме дека нејзиниот углед и понатаму останал голем. Тоа најверојатно се должело на два фактора: 1) нејзината традиција на стар христијански центар и 2) важноста што ја имал градот Битола во регионот. Од тој период изворите соопштуваат за имињата на следните пелагониски митрополити: Митрофан (1529 – 1532 година), Григориј (XVI век), Еремиј (1585 - 1623), Дамаскин (1631 - 1634) и др. По укинувањето на Охридската архиепископија во 1767 г. пелагониската епархија влегла во составот на Константинополската патријаршија. Состојбите се промениле со основањето на Бугарската егзархија (1870). Веќе во почетокот на 70 – тите годинина XIX век градот Битола станал седиште на егзархиски владика. На тој начин градот, истовремено, бил центар на две православни епархии: едната под јурисдикција на

Константинополската патријаршија и другата под бугарската егзархија.

По завршувањето на Првата светска војна, кога Битола влегла во делот од Македонија во составот на Кралството Југославија, градот станал седиште на Битолската епархија (1920 - 1931) на СПЦ, подоцна преименувана во охридско – битолска епархија (1931 - 1941).

Во 1922 г. во градот Битола, а на предлог на САС на СПЦ била отворена Богословијата „Св. Јован Богослов“. Во Богословијата се образувале свештеници за служба. По ослободувањето и формирањето на македонската држава во 1944 г. поголем дел од овие битолски богослови станале предводници на движењето за македонската црковна самостојност.

Со возобновувањето на Охридската архиепископија во лицето на МПЦ во 1958 г. градот Битола и воопшто пелагонискиот регион влегол под јурисдикција на охридско – битолската епархија. За нејзин прв епископ бил избран архимандритот Климент кој раководел до 1977 година. Подоцна со одлука на САС на МПЦ епархијата била преименувана во преспанско – битолска. Во 1981 г. на нејзино чело доаѓа митрополитот Петар. Во 1994 г. епархијата била преименувана во преспанско – пелагониска. Таа денес има четири намесништва: Битолско, Прилепско, Ресенско и Крушевско – демирхисарско.

Во рамките на диецезата на преспанско – пелагониската епархија на МПЦ влегуваат преку 30 цркви и 40 манастири.

Драган Зајковски

Short history of the Prespa-Pelagonia eparchy of the Macedonian Orthodox Church – Archbishopric of Ohrid

The history of the Prespa-Pelagonia eparchy is inextricably connected to the bishopric in the town of Heraclea Lyncestis, nowadays known as Bitola. Without exaggeration we can freely say that it is one of the oldest Christian centers on the territory of the Republic of Macedonia. The existence of this bishopric, apart from being based on the archeological findings, is witnessed in the literary sources as well. In this context it should be pointed out that the saved source material testifies with certainty about the presence of the bishops from Heraclea Lyncestis at several ecumenical councils in the V-th and VI-th centuries. Therefore, we rightly say that it was a very respectable bishopric, not only in Macedonia, but also in the then wider Christian community.

Already in the time after the fall of Samuel's state under Byzantine rule, the sources start mentioning the bishopric of Pelagonia with its seat in the city of Bitola, and as part of the Archbishopric of Ohrid. Its existence is mentioned in the charters of the Byzantine emperor Basil II where we find data on its diocese: the cities Bitola, Prilep, Debret and Veles. The metropolitan of Pelagonia continued to exist even later, during the Ottoman rule. We assume that it continued to have a great reputation. That was probably due to two factors: 1) its tradition of an old Christian center, and 2) the importance the city of Bitola had in the region. The sources from the period tell about the names of the following metropolitans of Pelagonia:

Προσκύνημα
Pelerinage 160

Mitrophanes (1529-1532), Gregory (XVI-th century), Jeremiah (1585-1623), Damaskinos (1631-1634) and others.



After the abolition of the Archbishopric of Ohrid in 1767 the eparchy of Pelagonia became part of the Patriarchate of Constantinople. The conditions changed with the establishing of the Bulgarian exarchate (1870). Already at the beginning of the 70s of the XIX-th century Bitola became the seat of a bishop of the exarchate. In this way the city was the centre of two orthodox eparchies at the same time: one under the jurisdiction of the Patriarchate of Constantinople, and the other under the Bulgarian exarchate.

After the end of World War I, when Bitola entered the part of Macedonia within the kingdom of Yugoslavia, it became the seat of the eparchy of Bitola (1920- 1931) of the Serbian Orthodox Church, later the name changed to the Ohrid- Bitola eparchy (1931-1941).

In 1922 in Bitola, on the suggestion of the Synod of the Serbian Orthodox Church the Seminary “St. Jovan Bogoslov” was opened. The Seminary educated priests for service. After the liberation and the establishment of the Macedonian state in 1944, majority of these theologians in Bitola became leaders in the movement for the autonomy of the Macedonian Church.

With the restoration of the Archbishopric of Ohrid, which became the Macedonian Orthodox Church in 1958, the city of Bitola, and the whole Pelagonia region went under the jurisdiction of the Ohrid-Bitola eparchy. Archimandrite Clement was elected for its first bishop who governed until 1977. Later with the decision of the Synod of the Macedonian Orthodox Church, the eparchy was renamed in the Prespa-Bitola eparchy. In 1981 the metropolitan Peter became its bishop. In 1994 the eparchy was renamed to the Prespa-Pelagonia eparchy. Nowadays it has four regencies: Bitola, Prilep, Resen and Krushevo-Demirhisar.

Within the diocese of the Prespa-Pelagonia eparchy of the Macedonian Orthodox Church there are over 30 churches and 40 monasteries.

LANGUAGE SCHOOL
TEMZA

Разловечкото востание од 1876 година

Османската држава во 70-те години од 19. век започнала политички да слабее и да ги прифаќа наметнатите реформи од страна на западноевропските држави кои од Османската држава буквално ќе направат полуколонија. Османската држава по 1854 година во текот на Кримската војна, започнува константно да зема заеми (односно кредити) од западноевропските држави, а за сметка на тоа таа станала економски и политички зависна од нив. Голем дел од тие пари биле инвестирани и потрошени во изградба на патишта и железници, кои само го олесниле продорот т.е. текот на стоките и капиталот, кој поминувал преку Османската држава во западноевропските држави. Во овој период состојбата во Македонија и на Балканот била значително влошена, мануфактурното производство и занаетчиството биле значително намалени, а тоа довело до влошување на положбата на населението.

Под влијание на големите револуционерни и национални движења и збиднувања со востанието во Босна и Херцеговина во 1875 година и Априлското востание во Бугарија од 1876 година, во Македонија избувнало Разловечкото востание. Иако избрзано и недоволно подготвено, ова востание сепак ја отпочнало на некој начин предреволуционерната активност и желбата за национална независност на македонскиот народ.

Главна и водечка личност во ова востание бил Димитар Поп Георгиев Беровски кој бил роден во 1840 година во Берово и потекнувал од богато свештеничко семејство. Во Берово тој го завршил основното образование, а потоа од 1858 до 1861 година своето образование го продолжил во духовната семинарија во Одеса, но не го довршил. Веќе во Одеса тој започнува да ги чита делата на руските писатели, кои биле проткаени со тогаш влијателните анархистички и демократски идеи. Откако бил присилен да ја напушти духовната семинарија во Одеса, тој во 1861 година се префрлил во военото училиште во Белград. Во овој период во Белград работеле и дејствувале многу револуционери меѓу кои и бугарскиот Георги Раковски, а тука биле засолнети и македонските ајдути и бунтовници Иљо Марков-Малешевски, Христо Н. Македонски, Константин Поп Трпков-Буфски, Ѓорѓија Пулевски и др. Димитар Поп Георгиев активно бил вклучен во акциите спроведени од Србија против Турците во 1862 година. Во 1865 година тој се вратил во Берово каде станал учител.

Подготовките за востанието делумно се одвивале во Солун и во околината на Пијанечко-малешевската област, во 1874 година Димитар Поп Георгиев учествувал во акцијата изведена против струмичкиот патријаршиски митрополит Јеротеј и неговите помошници турскиот мудур и заптии, кои требало да помогнат при отслужувањето на литургија во беровската црква.

По овој настан Димитар Поп Георгиев отпрвин се засолнил во Цариград, а од таму се повлекол во илегала во Солун, додека неговите браќа и дел од побунениците биле фатени и однесени во затворот во Солун.

По овој настан ситуацијата во Малешево уште повеќе се влошила, а дополнителни потешкотии задале и протестите на локалното население со цел да издејствуваат ослободување од затворите на уапсените бунтовници. Во Солун во 1875 година Димитар Поп Георгиев организирал кружок, во кој влегле и нег-овите браќа Костадин, поп Иван и Алексо. Во Солун пак Беровски пристигнал заедно со унијатскиот епископ Нил Изворов Смоленски, кој ја застапувал идејата за обновување на Охридската архиепископија, но на унијатска основа, што ја јакнело уште повеќе идејата на Беровски за организирање на востание. Исто така Беровски во овој период често контактирал преку писма со Стеван Верковиќ. Димитар Поп Георгиев своите идеи за организирање востание ги споделил со поп Стојан Разловски, односно со таткото на неговата сопруга и со Костадин-Коте Карчовски, со кои одделно се сретнал во Солун. По овие средби и во суштина бил основан Кружок, кој во литературата и помеѓу научните работници се нарекува и ”Таен револуционерен комитет”(или Таен кружок). По средбата во Солун 1875 година, поп Стојан добил дозвола од страна на Димитар Поп Георгиев да го продаде целиот негов имот во Берово, а парите од продажбата на имотот да му ги испрати на Беровски во Солун. Откако била реализирана и испратена првата пратка, поп Стојан бил задолжен да набави оружје во Ќустендил и Виница, а се заветил и дека на селаните ќе им го плати целиот десеток, а тие да гледаат да се снабдат со оружје. Понатаму било наредено да се изработи и знаме од црвена коприна (или свила), а го изработиле учителките во Солун, мајката и ќерката баба Недела и Станислава Караиванова. На самото знаме било испишано “На 8 мај 1876”, потоа до лавот натпис “Македонија” и две ленти со испишани повици: “Станете да ви освобода”.

Главните советувања се одржале во местото Калахерхево каде било решено: 1. Димитар Поп Георгиев водачот на заверениците да изврши обиколка во околиите на Пијанец, Малешево, Радовишко, Струмичко, Петричко и

станете
да ви освобода
МАКЕДОНІЯ

Мелничко, каде ќе го извести населението со повик за востанието, а тие да го земат оружјето, а жените, децата и старците да ги засолнат во планина. 2. Востанието да започне во околината на Пијанец, потоа да влезат во селата населени со Турци, пред сè во Царево Село (денес Делчево) кое било административен центар на Пијанец, со намера да го исчитат од турското население. Од таму востаниците да се префрлат во Малешевско, каде ќе се известат селаните да не се противат на востаниците и да придонесат за регрутирање на нови сили. Понатаму требало да се освои и Пехчево, кој бил административен центар за цело Малешево, а со над 80% турско население.

Димитар Беровски почнал со обиколката отпрвин во Малешевско, кое го обиколил со својата агитационо-организаторска чета до околу 13 мај, но не бил многу задоволен од постигнатите резултати. Потоа повторно се вратил во Разловци, а на 19 мај (7 мај по ст. с.) било организирано и третото собраниско советување во Калахерхево, на кое присуствувале речиси сите 30-на завереници. Но во меѓувреме неколку селани од Разловци ги известиле заверениците дека во селото пристигнале Турски чиновници и тапихии, кои по се изгледа и знаеле за подготовките на востанието и настапиле доста агресивно, почнале да ги малтретираат селаните, а две девојки од Разловци се обиделе да ги потурчат. Овие настани го навестиле почетокот на востанието, кое започнало на 20 мај 1876 година со нападот на Разловци, отпрвин бил зголемен и бројот на востаниците на 60 души, истиот ден врнел и дожд помешан со снежна лапавица кое ги отежнувало подготовките и раширувањето на востанието. Со неколку истрели од анот на Поп Стојан, бил убиен турчинот Алиман, дел од Турците пак биле сместени во куќата на селскиот коџобашија и предавник Нико. Дел од Турците успеале да побегнат преку надојдената река, бидејќи не можеле да преминат преку мостот, кој бил запоседнат од востаниците. Востаниците ги изгореле чиновничките тефтери и коџобашиските рабуши, што ги осилило селаните од Разловци уште повеќе да се организираат и да се чуствуваат слободни од наметнатите давачки и обврски од турската власт. Со цел да ги охрабри и окуражи Поп Стојан му наредил на својот син Костадин да го запали нивниот ан, сметајќи дека за слободата треба да се жртвува буквално сѐ .

Востаниците потоа дејствувале одделно, поделени во две групи, од кои едната составена од 30-40 души тргнала кон Берово, предводена од Димитар Поп Георгиев, каде ги чекале 300 души собрани од Берово и Владимирово во околната планина. Другата пак под водство на Цоне Спасов требало да остане во Разловци, каде ќе ги евакуира старците, жените, децата и стоката и да се упати кон Берово, според претходно изведениот план.

Во селото Митрашинци четата под водство на Димитар Беровски се судрила со десетина турски војници кои претходно ги чекале во заседа, во овој судир настрадал Беровски кој бил ранет во главата, но сепак Турците биле разбиени и принудени на бегство. Неповрзаноста меѓу двете чети, го натерало Беровски и четата да се вратат кон Разловци, каде пак четата на Цоне Спасов била принудена да се повлече пред налетот на башибозуците кои го запалиле Разловци, а црквата ја опљачкале. Загинале десет селани, а биле убиени тројца Турци. Востаничките чети го промениле планот, Разловчаните пребегале кон Кочанско и Малешевско и на 23 мај дошле на планината Плачковица, каде се наоѓал и Цоне Спасов кој го држел село Лаки. Додека пак Беровски се упатил кон Радовишко, каде селаните не го прифатиле неговиот повик за вооружена борба со Турците. Во Берово пак 300 души беровчани и владимирци, по неколку дена чекање се распрснале по своите куќи.

Сардисаните чети на Беровски и Цоне Спасов дополнително биле присилени да се предадат и распрснат, откако Турците им наредиле на сточарите кои биле по планините да се тргнат од таму и да не носат со себе ниту леб, за да на тој начин би ги изгладнеле востаниците. Притоа во поголемата востаничка област на 28 мај пристигнало засилување од дополнителни аскери во Струмичко, Радовишко, потоа Мелник, Петрич и Горна Џумаја. По втор пат селото Разловци било запалено, а потоа и препуштено на пљачка од страна на башибозуците, десет фамилии заедно со фамилијата на Поп Стојан биле испратени во судот во Ќустендил. Додека четата на Димитар Поп Георгиев успеала да се извлече на сигурно во делот на Петрич. Во главниот суд во Софија биле осудени 57 души од Малешевско и 7 души од Струмица, исто така судења имало и во Скопје. На тој начин и завршило недоволно организираното Разловечко востание, пред сѐ поради недоволната поврзаност на востаниците, иако биле предводени од искусен водач- Димитар Поп Георгиев, селаните сепак не биле доволно подготвени самостојно да се впуштат во борба со надмоќната турска војска, иако отпрвин имале добри изгледи за да го реализираат тоа. Но сепак Разловечкото востание претставува посебна и монументално испишана страница во македонската историја, по подолго време македонскиот народ се обидел посериозно да настапи во борбата против османската власт.

Благоја Илијовски

Есен во воздухот

Колку малку ти треба за радост, тебе, средовечен човеку што се подлабоко завлегуваш во парк со сенки. Крени ја главата, погледни горе, што гледаш? Питомо сонце што по лицето ти игра расшумолен театар на сенки. Излези на чиста сончевина, главата горе! И што уште? Висини, сини длабочини. А таму горе, зад сценографијата на немирните крошни, ветрови ги развлекуваат малите облаци, пенави речиси како твоите расположби. Таму горе владее хармонијата на високите струења што, еј, те поземаат и те разлетуваат. Горе, горе, над крошните, таму кадешто до пред малку ти леташе погледот. И ти лебдиш горе, онаму високо, и се прпелкаш како на луда игра во забавен парк од детството, па ти иде да се смееш. Се враќаш во дете. Леташ над паркот и пред тебе се шири погледот на реката, на целиот парк издолжен покрај неа, на оближниот рид, на околните планини, се превртуваш горе-долу во споулавената игра на ветрот и на стивнатото сонце. И така разигран, погледнуваш под себе, кон шумните, високи крошни од дрвјата што ги препознаваш зашто чуваат твои тајни и така раснеле со тебе.

Ене, под онаа крошна, задушен од ударите на сопственото срце во грлото, се обидуваше да го откраднеш првиот бакнеж. Таа, облечена во летно фустанче, со погледот божем упатен во далечини; ти, облечен во првите долги летни панталони, божем немаш љубовни намери. Таа зборува логично неважни нешта, ти зашеметен, замолчан и долго загледан во нејзините раздвижени сочни усни. Таа замолчува изморена од празниот говор на исчекувањето, ти несигурен дали и таа го посакува истото што и ти. И неопитен, наивен до бескрај, и млад, млад, како оваа фиданка покрај која го чекаш првиот бакнеж, која со годините ќе се развие во ова високо дрво, не ни помислуваш: зошто, тогаш, дошла со тебе до ова дрво и останува, очекувајќи долго, до првата квечерина на паркот...

А нешто потаму, развиорен и прпелкав од онаму горе, се гледаш како години потоа, седнат на клупата под она дрво недалеку од реката, во ноќта на паркот, веќе ја бакнуваш диво, онаа истата или некоја друга, сеедно, полн со страствена намера да дојдеш до целта, до врвот, до љубовниот крај. Ги притискаш нејзините усни со своите, ја впиваш свежината од нив, го бараш нејзиниот јазик со боја и вкус на јагода и потоа го ловиш, чиниш, во неа. Се допирате живо, гледаш вртејќи се онаму горе. Ги подотвораш очите и подгледнуваш во нејзините. Тие стојат цврсто затворени, занесени во играта што ја доживува во себе, зад затворените капаци. Тука некаде, слушаш, рамномерно шумолат води. Се слушаат далечни жегалци во ноќта. Те исполнува нејзиниот топол здив. Гледаш: и неа свежината од твојот. Сега ли е моментот? Опитен си и веќе си лукав. Ја спушташ полека раката и леко преминуваш преку нејзините мали дојки; ги чувствуваш, нив набабрени и цврсти, а нејзиното тело растреперено цело. Не ти треба ново отворање на очите и поглед во нејзиниот занес. Знаеш, сега е мигот. Тргнуваш со раката што полека се лизга. Под прстите и го чувствуваш напрегнатиот стомак. Ја галиш по кожа, а таа трпери под твојата дланка. Ја тргнува дланката со својата рака, ти полека ја враќаш, како настојчив војсководец на еднаш освоената територија. Таа наскоро се предава. А ти? Претворен во рака. Раката не мирува, милува. Под неа, чувствуваш, игра нејзината утроба. Раката ти лизга по свилата на нејзината кожа, се спушта полека, кон пределот на твоите намери. Наидуваш на отпор. Се враќаш, галиш. Стомакот под твоите раце крие дива пеперугата. Разменуваш здивови со неа, со другата рака го допираш набабрениот цут на градите, и чувствуваш како внатрешноста ѝ трепери, стисокот ѝ попушта, утробата ѝ се отпушта, а дланката што длаби допира до седеф. Шумоли. Шумоли ли тоа реката или плимите на крвта во тебе? Тонеш длабоко и доаѓаш до бисерот. О школко на младоста. О, време на радоста. О, убавино на првите искуства!

Те преплавува радост. Се прпелкаш, средовечен, вивнат низ есенската питомина на осончениот простор. Се смееш на глас, само што високите ветрови ти ја распрчкуваат смеата на сите страни. Смеата, средовечен човеку, ти цути низ облаците, во ружата на ветровите. И ги гледаш оттаму клупите на идните љубови, занеси, возбуди, немири, новите стивнати семири, од високо ги посматраш пољанките на младешките прошетки, читања, занеси, итања; местата на подоцнежните бекства, договори, освојувања, понуди, заветувања, местата на прошетки, поревања, паѓања, просторот на нежности, грижи, распнувања, местата на нови надежни раѓања.

*Се спуштам, така, полека на земи, заедно со првото заморно лисје. На земја сум, сосем. Јакне шумолот на ветрот. шетаат луѓе по паркот. Весело извикуваат деца. шарена топка се тркала по тревата. Поминува замислен врсник. Наоколу, сонцето игра со сенките на расшумолените гранки. И чувствувам благост. Гледам, средовечен човеку, и ти гледаш во него, насмевнат, разлетан на питомата сончевина и загледан во некои свои дрвја што оттогаш, токму тебе, кревко те паметат крај себе.

Томислав Османли
(Од книгата раскази “Каприча”, “Магор, 2009)

Деветата уметност од женска перспектива

Весна Ничевска Саравинова е една од ретките припаднички на понежниот пол, кај нас воопшто, која што се бави со практикување на неправедно подзаборавената девета уметност. И покрај тоа што самата се смета примарно за ликовен уметник, таа со својот женски сензибилитет, на македонската стрип сцена внесе една нова свежина и ненаметливо ја збогати истата со еден нов стилски израз. За нејзините дела карактеристична е потрагата по суштинските теми, а пак визуелниот изглед им е секогаш поразличен, при што до израз доаѓа потребата на авторот по секогаш поинаков начин на нарација и краен лик.

Со своите стрипови таа достојно ја има претставувано Македонија на поголем број стрип фестивали и манифестации во светот. Минатата година како специјален гостин учествуваше на фестивалот во Призрен, а за стрипот „Break on through", ја доби специјалната награда од Стрип салонот во Велес. Во продолжение, на тема женскиот стрип, можете да го прочитате интервјуто кое што ексклузивно за Македонска ризница го направивме со неа.

1. Во стрип албумот „Антологија на женскиот стрип на Балканот" (Антологија женског стрипа на Балкану) на уредничката Ирена Јукиќ Прањиќ, издаден во Загреб во 2010 година, е застапена само една македонска стрип авторка. Навистина ли немаме други стрип авторки кои што со своето творештво заслужиле место во изданието?

Уредничката и авторка Ирена Јукиќ Прањиќ се зафатила со едно обемно истражување кое ја има задачата да укаже на некои особини и специфики на женскиот стрип . Тоа е и еден вид на социјално истражување затоа што жените на Балканот воглавно имаат патријархално воспитување и припаѓаат на традиционални семејства каде улогата на жената е полово предодредена. Но и покрај сите тие детерминанти се изродиле многу плодни и разновидни авторки кои најчесто биле под сенката на машките автори и напати им требало многу поголем напор да се пробијат во тој „машки" свет на стрипот.

Споредено со другите држави на Балканот нашите автори се хендикепирани со малкуте македонски списанија кои се занимаваат со оваа област. За жал во врска со стрипот најбитно е кога нешто е објавено и е познато на поширокатa јавност, а во овој случај навистина има малку останато како доказ дека во минатото имало женски автори во Македонија. Се сеќавам на промовирање на стрипот во списанието Лифт каде имаше објавено кратки стрипови од две стрип авторки , кои се појавуваа под псевдоними Псило и Вентолина, едната цртач, а другата сценарист. Но понатаму останувам во темница кога пробувам да се присетам на македонска стрип авторка во минатиот век и во првите години на овој. А за да влезеш во антологија сепак треба да имаш повеќегодишно искуство и поголем опус зад себе. Единствената авторка која беше спомнувана во изминативе години беше ликовниот уметник Апостолова Иванка која со својот специфичен израз и начин на раскажување донесе еден нов момент во ликовното изразување во медиумот како што е стрипот, затоа таа се најде во антологијата.

Од поновите генерации започнаа неколку девојки да се занимаваат со стрипот како споредна дејност во нивното ликовно изразување, од нив мене ми се познати следниве : Румена Најчевска, Тања Вукобрат и Ивана Коцевска. Тука би се вброила и јас. Иако моја основна професија е сликарството пред неколку години започнав да се занимавам и со стрипот како изразно сретство. Стриповите од малечка ме привлекувале да ги читам, но започнав да ги цртам откако добив поттик прво од сценаристот Јовче Крстески , а подоцна започна и мојата соработка со сценаристот Александар Стеванов.

2. Споредено со ситуацијата во Македонија и на Балканот, како припадничките од понежниот пол во остатокот од светот „пливаат“ во стриповските води?

Не би можел никој со точност да ја опише целата ситуација на женскиот стрип во светот, иако имаме поголема достапност до информации преку интернет, но затоа може да опишам неколку мои искуства и средби со авторки од други земји. За време на неколку стрип случувања во кои сум учествувала , а биле интернационални, сум запознала неколку авторки, кои сепак процентуално беа многу помалку од машките автори. Дефинитивно машките стрип цртачи доминираат во светот на стрипот , но тоа не значи дека женските авторки немаат што да придонесат , баш тој женски сензибилитет и поинакво гледање на светот околу себе придонесува во женските стрипови да се внесе многу поголема топлина и внатрешно анализирање на душата на човекот. Но во принцип и нема многу сличности во стиловите меѓу жените, поточно сите што ги запознав беа сосема различни една од друга. На пример швајцарската авторка Фрида Бунзли работи најмногу на карикатури и го истакнува комичниот аспект во стриповите, јапонската авторка Кан Такахарама која работи на францускиот пазар, црта романтизирана верзија на јапонската манга и го прилагодува својот стил на европскиот пазар, албанката Грета Опараку е изгледа единствениот женски автор во Албанија и тоа го работи од чист ентузијазам во земја каде не се обрнува внимание премногу на промовирање на стрипот, донекаде слично како и во нашата земја.

Најголемата разлика ми се чини во занимавањето со стрип на Балканот и надвор од него е исплатливоста, значи не се работи за немање таленти и капацитети за таа работа, туку се работи за немање професионална организација, ни издавачка куќа која би создавала свој тим на луѓе.

Можеби кај нашите соседи во Бугарија и Србија малку мрднала работата на тоа поле и нормално може да се развиваат и женските автори полесно во такво опкружување, затоа и има многу повеќе женски авторки во тие земји, а и пошироко, во Хрватска и другите бивши југословенски држави.

Од она што сум го читала од светската стрип литература сум наишла само на една стрип авторка која соработува со еден од најплодните светски сценаристи Алан Мур , а воедно е и негова жена. Тоа е Мелинда Геби, американска с Тоа беше всушност мн трип авторка која заедно со својот маж направи неколку графички новели и дигна прашина со своите еротски и експлицитни стрип остварувања наречени Изгубени девојки, каде многу убаво се дефинира различноста на женскиот сензибилитет во стилот и изведбата на сцените и целокупниот дизајн и изглед .

3. Според вас постои ли потреба за поделба на стрипот на „машки“ и „женски“?

Во принцип не постои реална потреба за тоа, но во некои ситуации треба да се разговара и обрне внимание на целата ситуација и на местото на жените во овој медиум. Во врска со застапеноста на жените во овој свет на стрипот, веќе кажав, да речеме дека повеќе се застапени како модели, музи, косплеј девојки и сл. одошто како авторки. Покрај толкава конкуренција многу е тешко за жена да се пробие во тој свет особено знаејќи какви се најчесто обврските на жените, а цртањето стрипови подразбира многу голема жртва во поглед на посветеност, простор и време, затоа што е комплексен медиум кој содржи многу елементи од различни тематски и медиумски полиња.

А поделбата во поглед на сензибилитетот не е потребна , таа сама по себе се наметнува, сакале да признаеме или не, сепак машкиот и женскиот свет се разликуваат и само жената може да го прикаже вистински светогледот на една жена. И во тоа е убавината, кога секој има нешто свое да додаде и прикаже.



4. На 19 октомври 2012 година, во Скопје, како дел од проектот „Антологија на женскиот стрип на Балканот“, беше одржана и изложба со панел дискусијата на која што учествувавте и вие? Кои беа заклучоците од дискусијата?

Тоа беше всушност многу интересна тема за разговор и за истражување, постоењето на тематската изложба и промовирањето на антологијата повлече многу размислувања на учесниците во дискусијата и заклучокот беше дека всушност она што е најпотребно за развој на целата сцена е добро менаџирање и организација за кои се потребни и доволно финансиски средства. Тоа е битно за развитокот на авторите како професионалци кои би живееле од својата професија и стрипот не би им бил само хоби. Сега засега тоа е можно во најголем број случаи кога авторот соработува со земја надвор од Балканот. Бидејќи жените се во многу помал број застапени во оваа професија, процентуално многу малку од нив заработуваат од неа, воглавно проектите се доброволни и ентузијастички, од љубов према уметноста наречена стрип.

Александар Стеванов

Ninth art from a female perspective

Vesna Nichevska Saravinova is one of the rare artists from the fairer gender in our society, whose occupation is making comic strips, the ninth art that is unjustifiably forgotten. Although she considers herself mainly as a painter, she had brought freshness and innovation to the Macedonian comic strip scene with her female sensibility, and she unobtrusively enriched it with a new style and expression. The search for the essential themes is typical for her works, and their visual appearance is always distinctive, so the artist's need is always expressed in a different way of narration and image.

In her comic strips, she honorably represented Macedonia on many comic strip festivals and events around the world. Last year she participated in the festival in Prizren as a special guest, and got the special prize at the "Comic Strip Festival in Veles" for her comics „Break on through". You can read the entire interview with Vesna, on the topic of women in comic strip, exclusively for "Makedonska riznica".

1. In the comics album "Anthology of the Balkan women in comic strip" by the editor Irena Jurkik Pranjik, published in Zagreb in 2010, only one female comic strip artist from Macedonia was chosen. Haven't we got more than one female artists that have earned their place in the publication?

The editor and artist Irena Jurkik Pranjik busied herself with a voluminous research with the aim to point out to some characteristics and features of women's comic strip. This is a type of social research because women in the Balkans mainly have patriarchal upbringing and belong to traditional families where woman's role is gender-specific. But besides these determinants, many productive and distinctive female artists have appeared, but they are often under the shadow of their male fellow-artists, and sometimes they need to make great effort to make their way in that "male" world of comics.

In comparaison with the other countries in the Balkans, our artists feel handicapped because of the small number of Macedonian magazines for this domain. Unfortunately, considering the comic strip, the most important for an edition is to be published and familiar to the broader public, and in this case there is less evidence for the female artists in Macedonia in the past. I remember during the launching of the magazine “Lift” in which short comics were published by two female artists, and both of them under a pseudonym – Pshilo and Ventolina. The first is the drawing artist, and the other a script-writer.

But whenever I want to remember some other Macedonian female comic artists from the last century or in the first decade of the present century, I can’t put my finger on it. And to enter in an anthology you need many years’ experience and greater opus behind you. The only artist that has been mentioned in the resent years is the painter Ivanka Apostolova.

who with her original expression and ability to narrate, has brought a new moment in the visual expression, and that is the reason she entered in the anthology, for a medium like the comic .

A few girls from the younger generation began with the comic as a secondary occupation and their visual expression. I am familiar with two of them, Rumena Najchevska , Tanya Vukobrat and Ivana Kocevska. I would add myself too.

Although my basic occupation is painting, some years ago I started using comic strip as an expression of art. Comics have attracted me since I was a little girl, but I began to draw comics when I got encouraged first by Jovche Krsteski, and later I started my collaboration with the script-writer Aleksandar Stevanov.

2. Compared with the circumstances in Macedonia and in the Balkans, how do the female comic artists swim against the tide ?

Nobody can describe the whole situation of women’s comic strip in the world, although we have greater accessibility to information via Internet, and having that in mind, I can talk about my experiences with other female artists from other countries. During some of the international events where I paricipated, I got acquainted with some female artists, who were still in far smaller numbers than their male counterparts.

Male artists definitely dominate the world of comics, but that doesn’t mean that female artists don’t have anything to contribute. Actually women’s

sensibility and a different aspect can bring warmth and a new insight of the human soul.

In general, there are no similarities between styles of women in comics, in other words, everybody I got acquainted with were completely different compared to one another. For instance, the Swiss artist Frida Bunzli most of the time works on caricatures and highlights the humorous aspect in the comic ; the Japanese artist Kan Takaharama who works for the French market and draws a romantic version of the Japanese manga adapting her style for the European market ; the Albanian Greta Oparaku seems to be the only one female artist in Albania, and she draws of pure enthusiasm, in a country where not much attention is given to promotion of comics and that is similar to our country in some measure.

It seems to me that the bigger difference in the occupation with the comics in the Balkans and outside it, is the profitability. The issue is not a lack of talents or capacities for this art, but not having a professional organization and publishing house which would create a team. Perhaps in the neighbouring countries, Bulgaria and Serbia, there have been little changes in this field, and in these conditions it is easier for the female authors to develop as artists. That is the reason why there are more female artists in these countries, and also in Croatia and the other ex-yugoslav countries.

Reading from the world's comic strip literature, I have run across only one female comic artist who cooperated with one of the most fruitful world's script-writers, Alan Moore. And she is his wife. That is **Melinda Gebi**, an american comic artist who together with her husband have made some graphic novels and raised dust with her erotic and explicit comics realizations called **"Lost girls",** where diversity of the female sensibility is very well defined and also the performance of the scenes and the entire design and look.

3. Do you think that there is a need to divide the comic strip into "male" and a "female" ?

Actually, there is not a real need for that kind of division, but in some circumstances it is important to pay more attention to the place of women in this medium. As for the popularity of women in the comics world, as I already mentioned, they are rather prevalent as models, muses, cosplay girls and so on, than as artists. Besides the great competition, it is very difficult for women to succeed in this scene, especially when having in mind the women's responsibilities, because drawing comics means great sacrifices and demands devotion, great amount of time, as every complex medium consisting of many elements from different thematic and medium spheres. A division in terms of sensibility is not required, but it imposes itself, admit it or not. And yet, women's and men's world differ and only the woman can show the true women's facet. When everybody has something individual to perform or present, that's the beauty of it.

4. On 19th October 2012 in Skopje, you took part in an exhibition with a panel discussion as a part of the project "Anthology of the Balkan female comics". What are the conclusions you have drawn from the discussion ?

It was a very interesting topic for conversation and research, and this thematic exhibition and the promoting of the anthology has created many opinions among the participants in the discussion, and the conclusion was that actually the issue that is most needed for development of the whole art scene is a good management and organization and financial support. This is essential for upgrowth of the artists as professionals which could make a living from their profession, not just drawing comics as a hobby. In the present situation this is possible only if the artist cooperates with countries outside the Balkans. Because women are not prevalent in this occupation, and a very few can earn from it, mainly in some voluntary and enthusiastic projects, working of love for the art called "comic".

Aleksandar Stevanov
Translated by Irena Jurcheva

Невестински соништа

Невестински соништа, отсонувани, прошепотени,
но никогаш не раскажани.
Колку ли само соништа се напластиле, се
здиплиле во полите на невестинските кошули?
Колку ли соништа се отсонувале со секој бод на
иглата и зарем ни ударите на разбојот не успеале
да ги разбијат, да ги разбудат?
Дали нежните раце на девојките во шушкањето на
свилата стокмена за
невестата, не успеале да ги допрат и да ги
почувствуваат, барем за миг, барем на час?
На раце носени, со љубов дарувани, со песна
испратени, со песна дочекани ...

Кога зборуваме за ентериерното уредување на македонската куќа неминовно е да се спомене присуството на ковчезите, каселите или сандаците, како едни од највпечатливите предмети од куќниот мобилијар. Иако етимолошки се разликуваат сите овие термини означуваат еден навистина суштински елемент од традиционалната покуќнина на населението, не само на нашата територија, туку и на поширокиот балкански и европски културен ареал.

Појавата и генезата на ковчезите на територијата на Македонија со сигурност не може да биде детерминирана, но во континуитет може да се следи од периодот на средниот век, па сè до денес.

Функцијата која ја имаат овие предмети е повеќекратна. Во нив најчесто се чувале облека, постелнина, накит, пари и други скапоцености, додека пак во поретки случаи се чувала и храна. Општите услови на живеење во најголема мера влијаеле и врз употребата и застапеноста на овие предмети во секое едно домаќинство. Додека во големите семејни заедници бројот на овие предмети бил поголем, со распаѓањето на семејните заедници на помали инокосни брачни заедници доаѓа и до редукција на бројот на ковчезите присутни во едно домаќинство.

Понатамошните промени во културата на живеење кај населението предизвикува постепено губење на основната функција на овие предмети, со што доаѓа до нивно дислоцирање од стамбениот дел на објектите, на таваните или пак во стопанските делови на домаќинствата и помошните стопански објекти.

Сепак и покрај ваквата дислокација овие предмети во суштина не ја губат својата намена само што сега, наместо во нив да бидат чувани секојдневите потребштини на семејството или пак семејните скапоцености, сега во нив се чуваат предмети чија намена и функција се наполно изгубени и кои ретко или пак никогаш не се употребуваат, но сепак се чуваат и претставуваа своевиден меморски код.

Овие предмети без разлика дали се дел од селската или градската покуќнина имаат една заедничка особина. Тие се невестински ковчези кои во минатото биле составен дел на невестинскиот чеиз.

Секоја невеста во еден ковчег, касела или сандак со себе го носела своето минато преплетено и вткаено, во со години подготвуваната невестинска руба, која претставува единствената нејзина лична сопственост која ќе ја внеси во новото семејство во кое влегува. Во него таа и понатаму повторно ќе ја чува единствената своина, но овојпат на новата брачна заедница во која зачекорува. Со други зборови, согласно традициската семејна хиерархија, клучот од ковчегот го чувала главната домаќинка.

Во Битола честопати можела да се слушне женската досетка: „Наместо да се расправам со луѓето - ќе се расправам со клучевите“.

Генерално изложените предмети може да бидат поделени во три типови. Првиот тип на предмети го сочинуваат селските невестински ковчези изработени од буково дрво, во форма на квадар, подигнати на четири монолитни ногари, со едноставен и рамен капак.

Вториот тип на предмети го сочинуваат градските невестински касели, изработени од комбинација на дрво, текстил, кожа и метал, во форма на квадар, без ногари, но со делумно засводен (полукружен) капак.

Третиот тип на предмети се патните сандаци изработени од дрво, врз кои е нанесен еден слој на боја, и каде употребените метални апликации биле со повеќе практична отколку декоративна функција.

Основениот материјал кој се користел за изработка на ковчезите било дрвото. Се користеле неколку различни типови на дрво од кои најзастапени биле буковото, дабовото и чамовото дрво.

Изработката на ковчезите подразбира користење на соодветна техника и технологија па сходно на тоа и користење на соодветни алатки. Поархаичните типови на ковчези најчесто биле изработувани од страна на селските полупрофесионални занаетчии на кои изработката на ковчезите не им претставувала примарна занаетчиска дејност. Основните алатки кои овие мајстори ги користеле во процесот на изработка на ковчезите биле секирата, теслата, стругот, пилата, ќенаушот (алатка за правење на жлебови) и др.

Овие ковчези, кои всушност претставуваат селски невестински ковчези, се изработувале од делкани штици кои по пат на вжлебување во четирите вертикални жлебови на ногарите на ковчегот, формирале една целина. Вака поставените елементи дополнително се присцврстувале со помош на дрвени клинови или чивии. Чивиите можело да бидат поставени фронтално, прицврстувајќи ги најдолната и најгорната штица, но од естетски причини кај одредени примероци тие биле поставувани и странично. На овој начин предниот, декориран дел од ковчегот се оставал визуелно ненарушен.

Ковчезите имале едноставен механизам за затворање кој се наоѓал на средината од капакот и кој по потреба можел дополнително да биде заклучен со помош на катанец.

Кај некои понови примероци од дрвените ковчези кои биле изработувани од страна на градските занаетчиии, а кои се сеуште присутни и во селските но и во градските домаќинства, на предниот дел се наоѓаат поставени едноставни

АРХ
18





Патен сандук - крај на XIX почеток на XX век

Travelers' chest - end of 19th and beginning of 20th century

механизми - брави за заклучување со помош на клуч.

За разлика од селските полупрофесионални занаетчии, во градските средини мајсторите кои се занимавале со изработка на касели биле професионални занаетчии. Поради видот на производите кои ги прозведувале тие биле нарекувани „каселџии“. Каселџиите произлегле од групата на дограмаџии, кои пак освен со изработка на различни дограмаџиски предмети, во одредени случаи се занимавале и со изработка на касели. На територијата на Битола на почетокот на 19тиот век од крилото на дограмаџиите се издвоиле 5 мајстори - каселџии, кои се занимавале исклучиво со изработка на касели.

Поединечните елементи кај каселите биле поврзувани и меѓусебно прицврстувани со помош на метални клинци. Освен во начинот на изработка каселите се разликувале од ковчезите и по однос на дополнителните материјали кои биле користени за нивна изработка. Кај овие типови на касели освен дрвото од коешто се формирал костурот на каселата, дополнително се користела кожа, метални апликации и текстил, кои го правеле процесот на нивна изработка покомплексен.

Овој тип на ковчези - касели, кој во литературата е познат и под терминот „сехара“, всушнот го означувал пустинскиот, патнички сандак изработен од дрво, а обложен со кожа и лим. Ваквиот тип на касели на територијата на Македонија, но и на пошироката територија на Балканот, се појавил со доаѓањето на Турците и претставува елемент на турско - ориенталното влијание, но секако широко прифатен и одомаќинет и од страна на локалното христијанско население.

Кај каселите, а поретко и кај ковчезите, во внатрешноста била поставена една помала релативно плитка преграда која била наменета за чување на пари, накит или пак за други půситни предмети.

Надворешноста на каселите во најголем број случаи била целосно обложена со кожа, но постојат зачувани примероци кај кои наместо кожа се користела некоја поцврста ткаенина. Сепак и кај едниот и кај другиот случај за прицврстување на материјалот се користеле метални - лимени ленти, кои дополнително со помош на ковачки клинци со топчести глави налик на нитни, се прицврстувале за дрвената основа на каселите. Ваквиот начин на изработка не само што имал практична функција туку многу повеќе

имал естетска и декоративна функција. Задниот дел на каселата за подобра заштита, но и од естетски причини скоро без исклучок, секогаш бил целосно обложен со лим

Кај овој тип на предмети, бочно секогаш биле поставени метални рачки, додека пак на предната страна имало најразлични типови на брави со кои секоја касела можела дополнително да биде заклучена. Кај некои примероци на касели во предниот дел дополнително се поставени по две алки со кои предметите се приврзувале за време на транспортот.

Техниката и технологијата на изработка на патните сандуци малку се разликувала од онаа кај претходно споменатите два типови на предмети. Кај овој тип на сандуци аглите се дополнително заштитени и зајакнати со поставување на соодветни цврсти метални елементи, додека пак остатокот од страните е опшиен со лимени ленти. За обезбедување на дополнителна цврстина, на самите страни на сандукот биле дополнително заковани дрвени штички.

Патните сандуци се прицврстувале и приврзувале со користење на веќе поставените кожни ремени поставени во предниот нивен дел. Целокупната оваа заштита била поставена со цел да се заштити неговата содржина при долгите, а честопати и прекуокеански патувања на печалбарите, трговците и другите патници.

Заедничките елементи присутни кај некои примероци во поглед на надворешната изведба, присутни се и во поглед на внатрешното обложување на каселите и сандуците. И кај едниот и кај другиот тип внатрешноста секогаш била обложена со текстилна ткаенина со поедноставна или посложена декорација. Ова најверојатно зависело и од тоа дали станува збор за невестинска касела која сосема разбирливо требало да биде повпечатлива, или пак станува збор за патен сандак наменет пред сѐ за трговската или печалбарска, машка популација.

Во поглед на декорацијата кај ковчезите и каселите може да се забележат одредени разлики како во однос на изведената декорација, така и во однос на употребените декоративни форми и елементи.

Кај првиот тип на ковчези - селски невестински ковчези, декорацијата е изведена во техника на врежување со ограничен број оштри алатки што произведувале ефект на резба со оштро овчарско ноже, или попозната како „овчарска резба“.

Оваа декоративна техника која е присутна кај повеќето декорирани дрвени покуќнински садови, се одликува со едноставни геометриски форми изведени со употреба на едноставни алатки, како на пр. нож, жица, длето и сл.

Освен овие алатки за бележење и врежување на прави линии, мајсторите користеле и т.н. „гребалка“. Гребалката всушност претставува метална алатка заострена на двата краја, која за време на бележењето на правите линии се држи за кратка дрвена рачка поставена на средината од внатрешната (конвексна) страна на српестиот метален дел.

За изработка на издлабените декоративни форми освен основните алатки можела да се користи и т.н. „чкобалка“.

Кружните форми и изведените розетни кои се забележливи кај некои од занаетчиски изработените примероци, се изведувале со помош на занаетчиски шестар наречен
„пергел“.

И покрај едноставноста на основните употребени геометриски форми, кај овие ковчези се забележливи цели фризови кои се протегаат во челниот - преден дел на секој ковчег. Овие фризови во чија основа се забележливи едноставните и основни геометриски форми, всушност сочинуваат комплексни уникатни декоративни содржини.

За разлика од вака изведената доминантна геометриска декорација забележлива кај
ковчезите, каселите пак изобилуваат со мноштво на вегетабилни декоративни елементи врамени во претходно изведени геометриски полиња. Правоаголните или квадратни геометриски полиња кои се формирани од метални - лимени ленти, најчесто се распоредени по целата видлива површина на каселата.

Во внатрешноста на вака формираните полиња дополнително биле поставувани метални розетни. Овие розетни биле изработени од месинг а декорацијата била изведена во техника на исчукување. Бројот и распоредот на овие елементи е различен и најверојатно зависел и од финансискиот, но и од естетскиот вкус на мајсторот кој ја изработувал каселата.

Кај голем дел од овие примероци во предниот дел на каселата или пак централно изведени на капакот се наоѓаат натписи - иницијали или имиња на сопствениците, или пак годината на нивното стапување во брак. Овој податок во голема мерка го олеснува прецизното датирање на изработката на соодветната касела, како и датирањето на другите примероци со слични карактеристики.

Еден препознатлив стил на изработка и декорација на каселите кој најверојатно потекнува од една иста мајсторска работилница, е изведувањето на декорацијата на поголеми лимени површини. Имено на соодветниот материјал иницијално се изведува изрежување

на мали форми во форма на листови или елипси кои се симетрично распоредени и кои формираат соодветни низи. Од ваквите форми честопати се формираат и поединечни цветови исто така складно и симетрично распоредени. На крај, вака декорираните лимени површини се аплицираат на соодветните делови од
каселата формирајќи една целина.

Особено интересни и впечатливи се оние примероци на касели каде доминираатпоголеми површини изведени во техника на исчукување. Кај овој тип на декорација се забележливи најразлични вегетабилни, но честопати и зооморфни изведби.

Двоглавиот орел централно поставен на една од каселите кои изобилуваат со метални апликации, претставува еден од највпечатливите вакви примери. Генезата на овој симбол која датира со столетија наназад во минатото, го пренесува универзалното значење на „удвојување на божествената моќ“ преку два истоветни конфронтирани елементи или мотиви.

Симболиката на секој поединечен декоративен елемент претставува не само одраз на уметничкиот и естетски сензибилитет на мајсторот и неговото разбирање на светот, туку таа во себе ја носи и онаа универзална порака својствена за човештвото, која се пренесува со генерации, од кои ние претствуваме само еден одреден дел во времето и просторот.

Литература и извори

1. Георгиева, Милица, „Ковчезите во Македонија“, Музеи на Македонија, Етнолошки Музеј на Македонија - Скопје, Графички Завод „Гоце Делчев“, Скопје, 1981 (Каталог од изложба)

2. Георгиева Милица, Старата покуќнина во Македонија, Етнологија на Македонци, МАНУ, Скопје, 1996, 129-132

3. Gušić, Marijana, “Tumać izložene građe”, Zagreb, 1955, 21-24; 157,158; 174-176

4. Ивановић, М. Војин, „Збирка ковчега Етнографског музеја у Београду, Гласник Етнографског Музеја у Београду, Књига XXI, Београд, 1958, 49-98

5. Константинов, Х. Милош, „Занаети и еснафи во Битолско“, Народен Музеј Битола, Одделни трудови Кн. 5, Битола, 1966

6. Крстева Ангелина, „Народна декоративна уметност“, Етнологија на Македонци, МАНУ, Скопје, 1996, 261-276

7. Liljana Đurišić, “Škrinje”, Glasnik narodnog muzeja Crne Gore, Nova Serija I knjiga, Cetinje, 2004, 211-221

8. Милетић, Гордана, „Колекција сандука етнолошког оделења музеја у Смедереву“, Рад Музеја Војводине, бр.46, Нови Сад, 2004 год.
9. Nopcsa, Franz Baron, Albanien – Bauten, Trachten und Geräte Nordalbaniens, Berlin und Leipzig 1925, 94-119

10. Поповић Ђ. Цветко, „Разни резбарени предмети у Босни и Херцеговини“, Посебни отисак из Гласника Земаљског Музеја у Сарајеву, Н.С. IX, 1954

11. Светиева - Анастасова, Анета, „Некои согледувања за внатрешното уредување на битолската куќа од крајот на XIX век до ослободувањето“, Фолклорот и етнологијата на Битола и Битолско, Друштво за наука и уметност - Битола, Битола, 1981, 539-5506 12. Светиева, Анета, „Резбарени тавани, долапи и врати во Македонија, Институт за Фолклор „Марко Цепенков“ - Скопје, Посебни Изданија, Кн. 21, Скопје, 1992 год.
13. „Традиционалните ковчезите“ – телевизиска емисија од серијата „Етнолошко поднебје на Македонија“ . Реализација: Образовна програма - Редакцијата за хуманитарно образование. Концепт и текст: Георгиева, Милица – етнолог - кустос советник во Етнолошки Музеј на Македонија – Скопје. Телевизија Скопје, 1982

14. Ćurćić, Vejsil, “Drvorezbarstvo u Bosni i Hercegovini”, Napredak - Hrvatski narodni calendar, Sarajevo, 1933

М-р Стојанова Мери
Етнолог Виш кустос НУ „Завод и Музеј“ - Битола

Библиографија

1. Георгиева, Милица, „Ковчезите во Македонија“, Музеи на Македонија, Етнолошки Музеј на Македонија - Скопје, Графички Завод „Гоце Делчев“, Скопје, 1981 (Каталог од изложба)
2. Георгиева, Милица, „Старата покуќнина во Македонија“, Етнологија на Македонци, МАНУ, Скопје, 1996,

3. Gušić, Marijana, “Tumać izložene građe”, Zagreb, 1955, 21-24; 157,158;

4. Ивановић, М. Војин, „Збирка ковчега Етнографског музеја у Београду“, Гласник Етнографског Музеја у Београду, Књига XXI, Београд, 1958,

5. Константинов, Х. Милош, „Занаети и еснафи во Битолско“, Народен Музеј Битола, Одделни трудови Кн. 5, Битола, 1966

6. Крстева Ангелина, „Народна декоративна уметност“, Етнологија на Македонци, МАНУ, Скопје, 1996, 261-276

7. Liljana Đurišić, “Škrinje”, Glasnik narodnog muzeja Crne Gore, Nova Serija I knjiga, Cetinje, 2004,

8. Милетић, Гордана, „Колекција сандука етнолошког оделења музеја у Смедереву“, Рад Музеја Војводине, бр.46, Нови Сад, 2004 год.

9. Nopcsa, Franz Baron, „Albanien – Bauten, Trachten und Geräte Nordalbaniens“, Berlin und Leipzig 1925,

10. Поповић Ђ. Цветко, „Разни резбарени предмети у Босни и Херцеговини“, Посебни отисак из Гласника Земаљског Музеја у Сарајеву, Н.С. IX, 1954
11. Светиева - Анастасова, Анета, „Некои согледувања за внатрешното уредување на битолската куќа од крајот на XIX век до ослободувањето“, Фолклорот и етнологијата на Битола и Битолско, Друштво за наука и уметност - Битола, Битола, 1981,

12. Светиева, Анета, „Резбарени тавани, долапи и врати во Македонија“, Институт за Фолклор „Марко Цепенков“ - Скопје, Посебни Изданија, Кн. 21, Скопје, 1992 год.

13. „Традиционалните ковчезите“ – телевизиска емисија од серијата „Етнолошко поднебје на Македонија“ . Реализација: Образовна програма - Редакцијата за хуманитарно образование. Концепт и текст: Георгиева, Милица – етнолог - кустос советник во Етнолошки Музеј на Македонија – Скопје. Телевизија Скопје, 1982

14. Ćurćić, Vejsil, “Drvorezbarstvo u Bosni i Hercegovini”, Napredak - Hrvatski narodni calendar, Sarajevo, 1933

MSc Stojanova Meri
etno_m@yahoo.com
Ethnologist, Museum curator
NI “Institute and Museum” - Bitola

Bride's dreams, dreamed, whispered, but never told ...

How many dreams have layered one over
the other, folded away in the embracement of the
bridal gown?
How many dreams have been dreamed with
every stitch of the needle and hasn't the beat of the
loom done anything to break them, to awake them?
Have the maids' gentle hands in the rustle
of the silk prepared for the bride, not managed to
touch them and feel them at least for a moment,
for a second?
Carried on hands, passed on with love, sent
off with song, welcomed with song…

When we speak about the interior decoration of the Macedonian house it is inevitable to mention the presence of the chests, as one of the most impressive items of the household mobiliar. Even though all the terms used for naming of these items are etymologically different, they represent one really essential element of traditional households of the population, not only here but in the wider Balkan and European cultural areal.

We can not precisely determine the origin and genesis of the chests on the territory of Macedonia, but in the continuity we can follow it since the middle ages. These items have multiple functions. They were used for clothes storage, bed covers, jewelry, money and other valuables, and rarely as food storages. General living conditions mainly influenced the prevalence and use of these items within each and every household. While in the large family communities there were many chests, with their detachment in smaller marital units the number of chests within one household decreased.

Further changes in populations' life style caused gradual loss of the function of chests and initiated their dislocation from the dwelling part of the houses to the attics, or into the economy parts of the households or additional auxiliary buildings.

And yet, disregarding such dislocation, the chests in fact do not lose their function, but now, instead of everyday family objects or valuables, people storage objects that lost their function or are rarely used, but still they are kept as one of a kind memory codes.

Disregarding the fact that these items may belong to rural or urban households, they all have one common quality. They are bridal chests used in the past as part of the bridal dowry.

Every bride in one chest ("kovceg", "kasela" or "sanduk") brought with her, her past, interlaced and interweaved in her bridal dowry, representing her only personal ownership that she is going to bring into the new family. In it, further on, she will still keep her only belongings, belongings of the new matrimony that she enters in. Nevertheless, according to the family tradition and hierarchy, the key of the chest will be kept by the main housewife. There was an old saying in Bitola that represented this situation: "Instead of dealing with people I will deal with the keys".

In general, presented items can be divided in three types.

First type of items consist the group of rural bridal chests - "kovceg", made by beech threes with determined cuboid shape, on four monolith stands and a simple flat cover.

Second type of items consist the group of city bridal chests - “kaseli”, made in a combination of wood, textile, leather and metal, in cuboid shape, without stands and with an arched cover.

Third types of chests are the travelers’ chests - “sanduci”, made of wood with a thin layer of paint and differently shaped metal applications, with a more practical than a decorative purpose.

Wood was basic material used for manufacturing of chests. There were several types of wood most frequently used for this purpose as: beech wood, oak wood and pine wood.

Chest production involved use of particular technique and technology and in that sense use of appropriate tools.

More archaic types of chests were usually made by the village semiprofessional manufacturers to which the manufacturing of chests was not a primary occupation. Basic tools used by these masters during chest manufacturing were an ax, adze, plane, saw, “kenaush” (toll for chute making) etc.

These chests that actually represent village bridal chests were made of trimming planks that by the way of adjusting into the sloping channels made within the four stands of the chests formed one whole. These elements were additionally tautened by the use of wooden cotters. Cotters could be frontally set tautening, lower and upper plank, but from the aesthetic reasons at some of the items they could be set on the sides. This way the frontal decorated part of the chest would remain visually undisturbed.

A simple locking mechanism of the chests that could be additionally locked with a padlock was set in the middle of the cover.

Some of the newer items of wooden chests made by the city manufacturers, that are still present within the rural, as well within urban households, possess simple mechanisms - key locks set in the frontal part of the chests.

Other than the village semiprofessional manufacturers, the ones dealing with chests -“kaseli” manufacturing in the cities were professional masters. Because of the type of produced items they were known as “kasela” - makers. Kasela - makers derived from the group of carpenters that except various carpentry products manufactured “kaseli” as well. At the beginning of the 19th century, on the territory of Bitola, from the group of carpenters separated 5 masters - “kasela” makers that produced only these types of chests.

Each and every element on this type of chests was mutually tautened with metal nails. Other than the way of chest (“kasela”) manufacturing, both types of chests differs by the use of additional elements as well. At this type of chests, except of the wood that formed the skeleton of the chests, additionally other material as: leather, metal applications and textile, were used. All these materials made the production process more complicated and complex.

This type of chests - “kaseli”, in the literature, is also known by the term “sehara”, representing deserts’ travelers’ chest made of wood and covered with leather and metal elements. These type of chests on the territory of Macedonia, as well as on the wider territory of the Balkan, appeared with the arrival of the Turks and they are an element of Turkish - oriental influence but certainly, widely excepted by the local Christian population.

There was a small shallow container, in the inner par of both types of chests, for depositing of money, jewelers or other smaller objects.

Exterior parts of the chests in all of the cases were almost completely covered with leather, but there are also some preserved items where firmer textile was used instead of leather. Nevertheless, in both cases for additional tautening of the material there were used tinplate stripes, further on nailed with round headed nails, to the wooden basis of the chests. This way of manufacturing, had not only a practical purpose, but it also possessed aesthetic and decorative function. The back part of the chests was always completely covered with tinplate for better preservation, as well as for an aesthetic reason.

Various types of locks were always set at the front part of the chests and were used for additional locking. Two metal handles were set sideways, while only at some of them two iron rings placed on their front part, used for tautening in case of transport, were additionally set.

There is a slight difference in travelers' chests manufacturing technique and technology compared to two previously mentioned types of chests.

The angles at these types of chests were additionally protected and tautened with appropriate firm metal elements, while the rest of the sides were tautened with tinplate stripes. There were additionally nailed narrow planks at all sides of the chests securing additional firmness.

The leather stripes or belts, set on the front part of the travelers' chests, were also used for firming and tautening.

All this protection was set with a purpose to secure its' content during the long, and sometimes oversea journeys of the migrant workers (pecalbari) tradesmen or other passengers.

Common elements at some of the items in a sense of external appearance are also present in the internal covering of the last two types of chests. At both types, almost inevitably, the interior was covered with simple or more complex decorated textile. This probably depended on the use of the chests.

If the chest was supposed to be used as a bridal chest, than, completely understandable, the textile decoration would be more impressive, while in the cases of the travelers' chests the textile decoration would be simpler.

When we talk about decoration of all types of chests, we could observe some differences regarding its creation and used decorative forms and elements as well.

The decoration on the first type of chests - rural bridal chests', was made in a technique of carving, with a limited number of sharp angles that produce the effect of carving with a sharp shepherds' knife, or also known as "shepherds' carving".

This decorative technique, present on many wooden decorated household items, characterizes with a simple geometrical forms made by a simple tools as knife, wire, chisel etc.

Except for these marking and carving tools for making strait lines, masters used the so called "scraper". This tool actually represents a metal tool sharpened at both ends, which is hold by the short wooden handle, set in the middle of its internal convex side of the metal part, during carving of the strait lines.

Except for the basic tools used for creating of carved decorative forms, one additional tool named “ckobalka” was used as well.

Round shapes and rosettes noticeable on some of the manufacturing products were made with the use of caliper - “pergel”.

Aside of the simplicity of the basic geometrical forms, at these chests we could notice friezes spreading at the frontal part of each and every chest. In the basis of these friezes we could notice simple and basic geometrical forms that actually compose complex and unique decorative contents.

Differing from this way made dominant geometrical decoration, noticeable on the chests, the second type of chests “kaseli” possesses plenty of floral decorative elements foremost framed in geometrical fields. Rectangular and square fields formed by the tinplate stripes are usually arranged on the entire visual surface of the chest.

Additionally, metal rosettes were placed in the interior of these way formed fields. These rosettes made of brass, as well as other brass decorations, were made in a striking technique. Number and arrangement of these elements was different and it probably depended on the financial, but in the same time of the aesthetic sense of the master - chests maker.

In their frontal part on the large number of these items, or in the middle of the chest cover there are noticeable inscriptions with the initials or names of the owners, or the inscription of the year that they got married. This data could help with the precise dating of the particular chests, but in the same time in the dating of other items with similar characteristics.

One recognizable style of the chests making and decoration technique that probably origins from same manufacturing workshop, is the decoration made on the larger tinplate surfaces. Initially from that particular material a small leaf-like or oval shapes were cut off, forming symmetrically disposed compatible lines. These forms very often could form flower motives symmetrically and harmoniously displaced. At the end, this way previously decorated tinplate surfaces were applied on the precise part of the chests forming one whole.

Those types of chests where a large surfaces performed in a striking technique, dominate, are especially interesting and impressive. In these types of decorative performances there are also noticeable various floral and very often zoomorphic forms,

Double-headed eagle, centrally located on one of the exhibited items, with abundance of additional metal applications is one of the most impressive examples. Genesis of this symbol poses and transfers the universal meaning of the “twofold of godly power” trough two same confronted elements or motives.

Symbolism of each and every decorative element represents not only the artistic and aesthetic sensibility of the master and his understanding of the world, but in the same time it brings unique humanity message transferred with generations, from which we represent only one specific part in time and space.

MA Stojanova Meri

Сеќавање на соседот Евреин во Македонија

“Мртви, отворете ги очите на живите!
Камо среќа да се исполнат зборовите на пророкот Исаија (2:4)
народите да ги прековаат мечовите во плугови, копјата во српови,
повеќе народот да не крева меч против народот,
и да нема повеќе војни!
„Амин“

За присуството на Евреите во Македонија пред прогонот од Шпанија и Португалија во 15. век има бројни сведоштва уште од антиката. Еден од најстарите археолошки наоди е Полихармовиот столб од синагога во Стоби кој датира од 3 или 4 век од н.е. За време на прогонот од иквизацијата во католичките земји, Евреите свој спас го најдоа во тогашната отоманска империја, а со самото тоа голем дел од Евреите се населуваат во Македонија, првенствено во Солун, Битола, Скопје и Штип. Населувајќи се во Македонија, сефардските Евреи со себе ја донеле својата богата култура, музиката, обичаите и јазикот ладино или јудео-шпански. Покрај сефардите во Македонија живееле и Евреи кои се нарекувале ашкенези и романоти. Ашкенезите се сметаа за источноевропски Евреи, а романотите биле староседелци кои живееле на овие простори уште од времето на Александар Македонски. Напуштањето на својата земја оставила траги во народното творештво, кај сефардските Евреи кои и по многу години си спомнувале за песната :

„О, Шпанијо толку те љубевме
Наша крв за тебе пролеавме
Застапувавме твоја судбина
Пресудите ти се неправдина.
Добрините наши ги уништи
Во огнови сите не испрати
Врати ни ги Шпанијо децата
О, господе од височината.“

Преку народното творештво се навраќале на болката, прогонот и копнежот по своите огништа.Набргу Еврејската верска заедница во Македонија изградува и верски храмови односно синагоги како и рабински суд со седиште

во Солун. Евреите преку својата вера и своите обичаи ги чувале спомените за нивното минато во „ветената земја“. Овие обичаи се многубројни, би издвоиле неколку преку кои, подобро ќе се запознаеме со религијата и дел од обредната практика на Евреите во Македонија.

Еден од нив е празникот HANUKA. Овој празник започнува на различен датум почнувајќи од 25-ти ден од Кислев според хебрејскиот календар, што може да се случи во секое време од крајот на ноември до крајот на декември во Грегоријанскиот календар. Карактеристично за овој празник е палењето на светилки, борини факели, кои според Талмудот треба да се поставaт на тој начин што би биле видливи од улиците пред домовите. Некои ги оставале на самите улици, пред своите врати, но, одреден дел од еврејската популација практикувала истите да ги постават на прозорците, со поглед кон плоштадот и улицата.

Друг празник е САБАТ (сабота) , тој е е седмиот ден во седмицата кој започнува во петок со заоѓањето на сонцето, а завршува во сабота, пред заоѓањето на сонцето. Сабат е најголемиот еврејски празник. Тоа е ден на одмор, кога се прекинува физичката работа и секоја работна активност. Тој е поврзан со два библиски настана: со создавањето на светот и со робувањето на Евреите во Египет. Овој празник уште од најстаро време бил ден за веселба и забава, ден кога се посетува Храмот и се користи за патување.

Празник поврзан со спасувањето на


© Collection of Einhorn Yizhak, Tel-Aviv

Евреите е и празникот ПЕСАХ - ПРАЗНИК НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО, кој се слави во спомен на ослободувањето од египетското ропство. Песах е еден од трите поклонички празници (Песах, Савуот и Сукот), на кои, Евреите, оделе на поклонение во Ерусалим и принесувале жртви. Празникот Песах уште се нарекува и Хаг аавив (празник на пролетта) зашто секогаш се паѓа во пролет и Хаг амацот (празник на бесквасниот леб), зашто на тој празник се јаде само леб без квасец.

Живеејќи во Македонија Евреите ,својата култура и традиција ја споделиле со своите комшии, Македонци, Турци, Власи, Роми и др. Кога бил запрашан Мориц Романо како живееа Евреите во Македонија одговорил: „БАШКА“ - затоа што ги следеа своите традиции, култура, религија, јазик и своите обичајни и религиски норми и БАРАБАР со сите други делејќи ја заедничката историја, судбина, соживот, празнувајќи, славејќи и тагувајќи со своите комшии, пријатели, позналници - неевреи.“

Тоа народот го забележал во бројните анегдоти, поговорки народни песни и приказни, во кои се зборува за секојдневието, еснафот, верата, „забранетата љубов“, заедничкиот отпор со Македонецот против разните поробувачи...

И за крај стиховите од “Рашела„

„Колоната оди, ти побрзај в`неа
Да достасаш мајко и родот си твој,
Колоната оди, о, збогум Рашела
ќе помниме ние за патот твој долг.“

Стихови преку кои Македонецот топло се поздравува со својата пријателка Еврејката Рашела, но не засекогаш, туку за да се видат повторно ...

Благојче Андонов

Петар Драганов за политизацијата на македонскиот етнички идентитет кон крајот на XIX век

За наметнатите проблеми со идентитетот на Македонците преку примерот на односот кон македонскиот јазик зборува Петар Драганов кон крајот на XIX век потпирајќи се на податоците од сопствената теренска работа во Македонија и на својата стручност во доменот на словенската филологија. Со оглед на времето во кое живеел, како ретко кој тој бил над дневната политика на тогашните балкански држави. На македонскиот етнолингвистички проблем гледал како што би гледал и на секој друг таков проблем, со непоткупливост и верба во вистината добиена преку научни релултати, без оптоварување од своето лично бугарско етнолошко потекло. Такви интелектуалци на кои им е на прво место правичноста и независното стручно мислење имало, има, и секогаш ќе има. Навистина, тие не поминуваат најдобро во животот, па дури ни „на оној свет”, но главно засекогаш остануваат живи во науката. Во неговото оформување сигурно влијаело воспитанието и образованието што ги добил од „руската школа”, во смисла на вистински знаења од својата научна област.

Од неговите написи и статии може да се види дека како филолог и етнолингвист бил предизвикан да реагира на манипулациите со македонскиот јазик, кој бил нарекуван „српски” или „бугарски“. Во неговото време, па сè до денес, национализмот подразбира три основни фази на развој (прва - културна, книжевна и фолклорна; втора - појава на група поборници за национална идеја и почеток на политичка кампања; и трета - проект за остварување на националната идеја и барања за масовна поддршка од соодветната етничка заедница...). Петар Драганов дејствувал во времето на втората и третата бугарска и српска националистичка фаза и реагирал на начините

на спроведување на т.н. „голема нанационална идеја” од страна на реализаторите. Во тие проекти јазикот се сметал за едно од главните оружја во борбата за или против идентитетот, покрај историјата, обичаите и религијата. Со помош на јазичната карта, понатаму се исцртувала посакуваната територија. Во основа, се поставува прашањето што го предизвикало П. Драганов толку многу да пишува токму за македонскиот јазик, дијалектите и говорите. Впечатокот е дека бил сведок на уништувањето на македонскиот јазик и се противел на тоа од гледна точка на етнолигвист на сличен начин како кога некој археолог би реагирал на уништувањето на драгоцени артефакти, итн. Сепак, како да постојат и некои други причини што биле мотив за неговите реакции. Познат е тој феномен дека во определено време некои работи им се јасни на сите, па поради тоа и не се спомнуваат посебно. За оние кои подоцна ги истражуваат појавите од тоа време, таквите „неспомнати“ работи создаваат големи забуни. Понекогаш нивното расветлување се должи на случајни наоди, или на резултати од алтернативни истражувања. Доколку човек има среќа да дојде до некој таков податок веднаш се менува и односот кон спорната проблематика. Така, на пример, кога се читаат делови од извештајот на „Карнеги комисијата” (1914). на аргументацијата на бугарските лингвисти дека во суштина бугарскиот јазик се базира на „македонските дијалекти” може да се гледа како на тактичка реторика за убедување. Но, кога ќе се дојде на трага на писмата и на извештаите на американските протестантски мисионери кои работеле за бугарските интереси, главно на територијата на етничка Македонија во втората половина на XIX век и кога ќе се подредат податоците за кодификација на бугарскиот јазик што тие ја извршиле, веднаш станува јасно дека бугарските лингвисти на „Карнеги комисијата” ја ја зборувале вистината и дека не била во прашање некоја реторичка фраза како што изгледа на прв поглед.

Кон средината на XIX век американски мисионери, специјално обучени да работат меѓу Бугарите, пристигнале од Методистичката црква на Северна Америка и во договор со Американскиот одбор ја определиле за теренска работа територијата на северна Бугарија, меѓу Дунав и Балкан Планина. Зошто и како ја напуштиле оваа идеја и се ориентирале кон етничка Македонија и Тракија, не ми е познато. Реално е да се помисли дека нивната дејност е една од причините што П. Драганов на едно место вели дека: ...„одвратна глетка претставува сликата на тоа како турските власти допуштаат Македонија да биде подрачје на различни ‘странски пропаганди..“ итн. Навистина. податоците покажуваат дека другите тогашни, балкански земји не биле многу расположени кон мисионерите, па така тие наишле на „затворена врата” во Србија, Романија и Црна Гора,, како и на непријатни инциденти и непријателство во Грција. Можеби тука се крие причината за нивниот исклучителен ангажман за бугарската идеја. Очигледно дека само Бугарија широко им ги отворила портите, а тие за таа љубезност богато ја наградиле исцртувајќи огромна карта на „бугарски народ“- и „бугарски јазик”. Се разбира дека тоа можеле да го работат во услови на комплетна индиферентност на турските власти кон македонскиот народ како доминантен етнички елемент во тоа време во етничка Македонија, бидејќи во основа, во турскиот „милет систем” такво нешто фактички и не постоело.

Откако се откажале од истражување во северна Бугарија. Американскиот одбор врз основа на договорот со методистите ги испратил мисионерите во 1858 година на теренска работа во Тракија, во Софискиот санџак и во Македонија. Прва работа на тие мисионери била да го простудираат јазикот на народот и да го преведат Светото писмо и други книги на народен јазик. Седумдесет од првите сто книги на модерен бугарски јазик биле издадени под


[illegible]
[illegible]
т. XXII, вып. I.

МАКЕДОНСКО-СЛАВЯНСКІЙ
СБОРНИКЪ
СЪ ПРИЛОЖЕНІЕМЪ СЛОВАРЯ.

составилъ
П. ДРАГАНОВЪ.

Выпускъ I.

С.-ПЕТЕРБУРГЪ.
[illegible]
1894.

надзор на тие мисионери. Неколку години пред нивното доаѓање, Новиот завет бил преведен од пречесниот Неофит Рилски и бил испечатен од Британското библиско друштво. Од многубројните пишани сведоштва, можеме да изbereме дел од говорот на господин Томсон на комеморацијата на пречесниот д-р Елијас Ригс, мисионер кој работел на новиот превод на комплетната Библија на бугарски јазик, кој меѓу другото, рекол: „Треба да биде спомнато големото влијание на д-р Ригс врз самиот бугарски јазик. Ова влијание постојано и великодушно беше истакнувано од страна на компетентни авторитети. Најпрвин во времето кога започнал да работи на бугарската Библија, тој требало да реши дали да го примени македонскиот или тракискиот дијалект - обата во тоа време биле еднакво застапени. Со вчудовидувачка интуиција тој се одлучил во корист на трачкиот (да се изедначи); и нема сомнение дека овој факт во голема мерка придонел - па дури и бил пресуден - за свртување на струјата во насока во која оттогаш тече толку силно...

Од друга страна, познато е дека кога Елијас Ригс ги правел белешките за граматиката на бугарскиот јазик (1844), се потпирал паралелно и врз источномакедонското наречје, следејќи го концептот на пречесниот Неофит Рилски од Банско. Овие првични елементи во конструкцијата на бугарскиот јазик останале и понатаму во неговите темели. Кон ова прашање во поново време се осврнал и академик Блаже Ристовски. Тој ги изнел во основа истите констатации дека во („Белешките за граматиката..”). на пречесниот Е. Ригс е користено источномакедонското наречје и дека содржи македонизми. Со оглед на фактот што во случајот се работи за врски со јазичното прашање започнато од монахот Неофит Рилски од Банско авторот го дефинира Пиринскиот дел на Македонија како гранично подрачје со Бугарија, каде што се присутни процеси на акултурација од двете страни. Сметаме дека овој по малку помирлив став кон посегањето по туѓа култура се должи на фактот што авторот бил ограничен со фрагментарноста на изворите што не му дозволувало поширока визура врз оваа проблематика. Тој и самиот го истакнува овој факт на крајот од прилогот со зборовите: „Поводот налага да се укаже дека е потребно да се проучат и другите бугарски изданија на протестантското книгоиздателство во Смирна, барем до 1859 година, со особено внимание врз јазикот и правописот во преводот на Новиот завет (1840) од Н. Рилски. Така ќе се уточни степенот на учеството на македонските говори во историјата иа создавањето на современиот бугарски литературен јазик, но ќе се направи и многу потребен принос кон проучувањето на предисторијата на современиот македонски писмен стандард”.

Ставот на мисионерите за т.н. „бугарски карактер” на Западна Тракија и Македоија бил претходно изграден врз основа на „истражувањата” на берлинскиот професор Киперт, па во таа смисла кај нив „немало сомнение“ дека христијанското население во Западна Тракија, како и тоа од Македонија според јазикот било речиси исто и безмалу исклучително „бугарско”. Сепак, изгледа дека некои од мисионерите задржале пристојна дистанција по однос на таа сеопшта „бугарштина“. Така на пример, во еден прилог објавен во весникот на мисионерите (THE MISSIONARY HERALD VOL. 1. LIL n_10 – October, 1858). покрај другото, се зборува дека во т.н. европска Турција не преовладуваат Грци, напротив, поголемиот дел од населението е од словенско или татарско потекло. Истиот автор на крајот вели дека се оперира со апроксимативна бројка од 7.500.000 жители на Европска Турција кои припаѓаат кон словенската раса. Но авторот истакнува дека тоа можеби не е сосема точно и продолжува: „Бугарите за кои се смета дека се најмалку четири милиони, се претпоставува од некои дека имаат татарско потекло...”.

Но, како што обично се кажува, исклучоците ги потврдуваат правилата. Така и во овој случај „правило“ меѓу мисионерите било спротивното мислење, односно ставот дека целото словенско население во тогашна европска Турција е „бугарско“ и зборува на „бугарски јазик“. Според Цанов, американските мисионери ја „откриле”- бугарската нација! На оваа реченица на парадна благодарност, Каракасиду била предизвикана да додаде во заграда („или поточно помогнале да се измисли”-).Во таа смисла, Каракасиду, посочува на една досетка од тие времиња цитирана според Хаскел (Haskell, Edward B., American Influence in Bulgaria, New York: The Missionary Review of the World 1919. 3), какопринцот Фердинанд од Црна Гора рекол: „да немало американски мисионери, ќе ја немало ни Бугарија’”.Ако низ писмата се следи движењето на мисионерите што е документирано и со картата што се наоѓа во книгата, ќе се добие мрежа што ги покрива речиси сите точки на етничка Македонија како доминантна територија во тоа време во европска Турција. Со оглед на тоа што главни центри им биле Битола, Солун и Солунско, Самоков, Сер и Серско, Едрене, итн. По оној редослед како што се наведени населените места во Индексот и во текстот на Цанов, може лесно да се заклучи дека цело време работеле главно на територијата на етничка Македонија. Судејќи според интензитетот на спомнување на определени населени места во нивните писма, посебно бил важен нивниот престој во источна и во југоисточна Македонија, односно во Пиринска Македонија со Мрвашко, потоа во западна и југозападна Македонија, односно Корчанско, дел од Брсјачко и Богданско, како и во Солун со Вардарија во јужна Македонија. Нема сомнеж дека спомнатите македонски населени места и предели биле „обработувани“ за целите на бугарскиот јазик и бугарската „голема национална идеја”.

Во времето по дипомирањето на Драганов и неговото вклучување во научните дискусии за македонскиот јазик, главната работа на протестантските мисионери веќе била завршена, но на нив сметала бугарската влада на почетокот од XX век, дека ќе ја шират големобугарската идеја заедно со членовите на Специјалната бугарска културна мисија составена од професори на Софискиот Универзитет и од други експерти. За таа цел, од новата генерција мисионери од Америка биле вклучени Едвард Б. Хаскел, потомок на позната фамилија, роден во Бугарија и Рубен Х. Маркам, кој престојувал во Бугарија од 1912 година - значи во критичниот период на војни за македонска територија. На Драганов како на славист секако му било добро познато дека сите тие секое македонско наречје го нарекувале „бугарско” и дека оваа „зараза” се раширила насекаде до таа мера што веќе се загубил првиот извор. Во статијата „Кон прашањето на населението на современа Македонија“- од 1900 година, авторот без предрасуди ја предочил основната цел на главните пропаганди во Македонија, наведувајќи дека: (т.н. големи идеи) на бугарската, на српската, на грчката, на албанската и на романската народност (етничка заедница) е да се преиначи и преименува или замени македонскиот јазик на месното население. Всушност. тој најмногу зборува за последиците што настанале по кодифицирањето на новиот бугарски јазик и писменост од страна на американските протестантски мисионери издавањето на граматиката, преводот на Библијата, весникот „Зорница“, букварот итн., кои преку разни канали биле раширени низ Македонија во разгранетата мрежа на бугарските училишта, учители и на разни други начини. Аргументацијата ја продолжува со зборовите „Дека е тоа така, се гледа, пред сѐ, од односите кон месното словенско „наречје” на двата главни претендента на Македонија, имено, на бугарскиот и на српскиот (јазик). За непријателскиот став, без оглед на јавните уверувања пред целиот свет и особено пред Русите за својата неизмерна љубов спрема Македонија и спрема Македонците, во суштина, т. е. на почвата на Македонија (тие) се однесуваат со голема омраза кон месното наречје и спрема основните потреби на месното население”.

Спротивно на нив. Драганов го нерекува македонскиот јазик едноставно (кирилски), навестувајќи дека со друг пристап кон ова јазично прашање тој јазик би можел да претендира за наследник на стариот кирило-методиевски јазик”.

П. Драганов дава податоци и за

бројноста на македонските етнички групи кои со терминологијата на тоа време, ги нарекува „племиња”, кои се одликувале со специфична варијанта на својата македонска народна култура. Наведува дека П. И. Шафарик уште во 1826 г., во писмото до Јан Колар му го напишал следното: „Во Турција има повеќе словенски племиња, отколку што можеле и да сонуваат Вук и Копигар (коишто сметале прво на едно, а потоа на две племиња - српско и бугарско)”. Го наведува и фактот дека Македонија се уште во тоа време била недоволно позната земја, па вели: „Кој би можел да помисли, дека во Дупница, во Штип и во Батак живеат Словени. Околу Разлог има 13 старословенски населби, коишто зборуваат кирилски. Предградието на градот Мелник сето е населено се Словени... итн.

Читањето на сведоштвата на современиците за состојбата во Македонија во XIX век, ни помага да ги сфатиме проблемите во минатото и во сегашноста. Познато е дека современите држави -нации на Балканот во XIX век биле решителни во „бетонирањето” на своите национални идетитети. Истите тие држави и денес ја застапуваат истата теза создавајќи изобилие митови за единствен национален идентитет. Во таа смисла се укажува потребата одново да се „вратиме” во критичното време на мисионерите, на дејноста на бугарските духовни и световни лица, како и на објавувањето на ферманот за создавање на Бугарската егзархија (1870), со што бил отворен патот кон ширење на бугарското име и бугарската идеја, сè до фактичкотоприспојување на македонски територии. Во тој поглед, она што за П. Драганов било академско прашање и апел за зачувување на т.н. кирилски (македонски) јазик, за новите балкански државници било единствено прашање на присвојување територии и народи. Станува јасно зошто идеите на П. Драганов за автентичноста на кирилскиот (македонски) јазик останале изолирани. Од денешна гледна точка кога во отворена или скриена форма се става до знаење дека старите „апетиги” се силни, но дека и странските „ментори” се уште стојат „на своите стражарски места”, работата на П. Драганов изгледа дека не завршила со создавањето на современата македонска држава, туку треба допрва секојдневно да се работи на затворање на оние прашања кои „насилно” се отвараат на Балканот.

Д-р Анета Светиева

Petar Draganov on the politicization of Macedonian ethnic identity at the end of the XIXth century



At the end of the 19th century the eminent slavist and ethnolinguist of Bulgarian origin Petar Draganov expressed his disagreement with the views of that time that the Macedonian dialects were Bulgarian. Although he never mentioned some specific personalities his reactions evidently referred to those Bulgarian clerical and secular activists, as well as to other Balkan, European, American, etc., participants, who directly or indirectly worked on the destruction of the Macedonian folk speeches and their replacement by other languages. In this connection, in the 19th century in Bulgaria the most significant actors in this field were the American protestant missionaries who worked on the codification of the Bulgarian language on the basis of the Thracian and East-Macedonian dialects, as well as on the dissemination of the idea of Great Bulgaria through publication and distribution of hundreds of books on the ethnical territory of Macedonia. It is well-known that the American protestant missionaries were not welcome in some Balkan countries, as for example Serbia, Montenegro, Romania and Greece. Only Bulgaria opened its doors wide to them. Probably it was the reason why they took so enthusiastically the Bulgarian side in the actual verbal war about the origin of the Macedonian people which was waged among Bulgarians, Serbs and Greeks in the middle of the 19th century. The action for the Bulgarian spiritual domination in Macedonia began with the codification of the Bulgarian language, few years after the Macedonian-Bulgarian translation of the New Testament made by Neophit Rilski (from Bansko). This is confirmed by original documents from the period of 1840-1918. In 1847 the missionary Dr. Riggs (Elias Riggs) created the first standardized Bulgarian alphabet and made a new translation of the Bible (1855-1864). He chose the dialects of Thrace and East Macedonia for the basis of the so called modem Bulgarian language which can be also concluded from his “Notes on the Bulgarian language” (1844). The missionaries were mainly active on the ethnical territory of Macedonia. The utilization of the Macedonian folk speeches was also confirmed by the argumentation of the Bulgarian linguists given in front of the Carnegie Commission (1914) that the Bulgarian language was based in fact on the Macedonian dialects.

Petar Draganov defended in more articles the view that the language of the Slavonic population on the ethnical territory of Macedonia was not Bulgarian, and that by means of other approach to this linguistic question this language could pretend to be the successor of the old Cyrillo-Methodian language. But while this issue was for Petar Draganov an academic question and an appeal for protection of the so called Cyrillic (Macedonian) language, it was for the new Balkan states onlya question for conquest of territories and peoples. It becomes clear why P. Draganov's ideas about the authenticity of Cyrillic (Macedonian) language remained isolated as he himself was isolated - not only during his lifetime, but also after his death. However, concerning the Macedonian cultural identity., the work of Petar Draganov will always retain its honorable place in history and present times.

PhD Aneta Svetieva



[illegible]
по отдѣленію этнографіи.
т. XXII, вып. I.

МАКЕДОНСКО-СЛАВЯНСКІЙ
СБОРНИКЪ
СЪ ПРИЛОЖЕНІЕМЪ СЛОВАРЯ.

СОСТАВИЛЪ
П. ДРАГАНОВЪ.

Выпускъ I.

С.-ПЕТЕРБУРГЪ.
[illegible]
1894.

Petar Draganov in Bezug auf die makedonische ethnische

Gen Ende des 19. Jahrhunderts drückte der bedeutende Slawist und Ethnolinguist bulgarischer Herkunft, Petar Draganov, seinen Unfrieden über die Ansichten der damaligen Zeit aus, dass die makedonischen Dialekte bulgarischen Ursprung seien.

Obwohl er nie Persönlichkeiten in seinen Arbeiten direkt erwähnte, galten seine Reaktionen offenbar jenen bulgarischen Geistlichen und Aktivisten als auch den anderen aus dem Balkan, europäischem oder amerikanischem Raum stammenden, die direkt oder indirekt auf die Zerstörung der makedonischen Volksreden hinarbeiteten und ihre Substitution durch andere Sprachen anstrebten.

In diesem Zusammenhang standen vor allem amerikanische protestantische Missionare, die im 19. Jahrhundert in Bulgarien die bedeutendsten Akteure in diesem Bereich gewesen sind, diese Missionare kodifizierten die (Moderne Standard) bulgarische Sprache auf der Basis der thrakischen und Ost-makedonischen Dialekte sowie auf die Verbreitung der „Groß-bulgarischen“ Idee durch die Veröffentlichung und Verteilung von unzähligen Büchern in Makedonien.

Es ist bekannt, dass die amerikanischen protestantischen Missionare in einigen anderen Balkanstaaten begrüßt wurden, wie zum Beispiel in Serbien, Montenegro, Rumänien oder auch Griechenland.

Nur Bulgarien öffnete seine Türen weit für sie. Möglicherweise war dies der Grund, warum sie so enthusiastisch die bulgarische Seite vertraten, in dem damals aktuellen verbalen Krieg über den Ursprung der Makedonier, die unter den Bulgaren, Serben und Griechen in der Mitte des 19. Jahrhunderts geführt wurde.

Die Handlungen für die religiöse bulgarische Herr-

schaft in Mazedonien begannen mit der Kodifizierung der bulgarischen Sprache, wenige Jahre nach der makedonisch-bulgarischen Übersetzung des Neuen Testaments durch Neophit Rilski (aus Bansko/BG).
Dieser Umstand wird durch originale Dokumente aus der Zeit von 1840 bis 1918 verifiziert. In 1847 kreierte der Missionar Dr. Elias Riggs das erste standardisierte bulgarische Alphabet und verfasste eine neue Übersetzung der Bibel (1855-1864).

Er wählte dazu die Dialekte aus Ost-Makedonien und Thrakien für die Basis der so genannten „Modem-bulgarische Sprache", dieser Schluss lässt sein Werk „Notes on the Bulgarian language" (1844) zu. Die Missionare waren hauptsächlich auf dem ethnischem Gebiet Makedoniens aktiv.

Die Anwendung der makedonischen Volksreden ist auch von bulgarischen Linguisten vor der damaligen Carnegie Kommission (1914) bestätigt. Die Linguisten argumentierten, dass die bulgarische Sprache in der Tat auf der makedonischen Mundart basierte.

Petar Draganov verteidigte in etliche weitere Schriften die Ansicht, dass die Sprache der slawisch-sprachigen Bevölkerung auf dem Gebiet Makedoniens keine bulgarische Sprache ist, und das mittels anderer Herangehensweisen an diese prekäre linguistische Frage, diese Sprache als Nachfolger der alten „Cyrillo-Methodian"-Sprache zu zählen ist.
Aber während diese Angelegenheit für Petar Draganov eine akademische Frage darstellte und einen Appell zum Schutz der sogenannten Kyrillischen-(makedonischen) Sprache, war es für die neuen Balkanstaaten rein eine Frage der Eroberung von Territorien und Unterwerfung von Völkern.

Es wird klar, warum die Vorstellungen von P. Draganov über die Authentizität der „kyrillischen (makedonischen)" Sprache isoliert geblieben sind, so wie er selbst isoliert wurde - nicht nur zu seiner Lebenszeit, auch lange nach seinem Tode.

Bezug nehmend auf die makedonische kulturelle Identität wird die Arbeit von Petar Draganov für immer seinen ehrenvollen Platz in der Geschichte und Gegenwart einnehmen.

Dr. Aneta Svetieva
Translated by Luka Vidovski

Такт - Борче Панов

Новата книга на поетот Борче Панов е од редот на свежите и бујни дотеци во современите текови на македонската поезија.

Пред нас имаме стихови што се резултат на смел и неконвенционален творечки зафат на автор со нов,модерен сензибилитет. Ваквите особености се евидентни и на мотивско-тематски и на стилско-изразен план.

Творештвото на овој автор преферира нов однос кон поетската материја и кон поводите за пеење, но и знаци на една нова, автентична култивираност на поетскиот исказ со чист и прозрачен слој на метафори и симболи. “Такт” е книга со теза, поетски проект фундиран врз јасно изградена животна и творечка филозофија.

Оттука, поезијата на Борче Панов се прима како своевиден сублимат кој бара проникнуваве во подлабоките значења и пораки. Притоа потребно е да се има во предвид фактот дека поетот има изразито свое, специфично стојалиште и кон светот за кој пее и кон песната во која го преточува виденото и доживеаното. Тоа сведочи за творечки став, за изградена самосвест за високите сфери на поезијата и поетскиот чин како феномен на духовна комуникација.

Станува збор за особености на зрела творечка фаза во која поетот Борче Панов со нему својствен такт ги проширува и продлабочува темите и постапките кои уште на стартот проличија како препознавачки знаци на еден изразито надарен автор. Тие знаци денеска се аргумент за една стамена творечка појава со специфики и вредности кои заслужуваат особено внимание.

Веле Смилевски


БОРЧЕ ПАНОВ
ТАКТ
Македонска Ризница
NONCOMMERCIAL DIGITAL MAGAZINE ABOUT MACEDONIAN HISTORY, CULTURE, TRADITION, AND ART
ДИЈАЛОГ

„Македонска ризница„
е почестена со
улогата на медиумски
покровител
на новата книга на
Борче Панов „ТАКТ“.

www.scribd.com

Македонските хероi со таен идентитет

Сите деца во светот знаат за Брус Вејн кој што облекувајќи го црниот костим се претвара во Бетмен - најлошиот кошмар на секој криминалец, за обичниот средношколец Питер Паркер и за неговото алтерего необичниот Спајдермен или пак за натприродните моќи на Супермен кој што кога не го спасува светот се претставува под името Кларк Кент. Но ако мислиме дека архетипот маскиран херој со таен идентитет е оригинален американски изум, едвај ли би биле во право.

Ако Бетмен својата маска ја користи за да вдахне страв во секој еден криминалец, во Македонија луѓето со векови наназад верувале дека затскривајќи се зад страшните маски, со нив, на церемонијален начин, ќе успеат да ги избркаат злите духови. Ваквите обреди во Македонија се задржале кај народот и до ден денес и секоја година се изведуваат на неколку карневали.

Повеќе од три декади пред Џери Сигл и Џо Шустер да го измислат, сега веќе светски познатиот американски херој, Супермен, и шеесет години пред Спајдермен за прв пат да се појави на страниците на Amazing Fantasy, низ поробена Македонија крстосувал еден друг херој кој што исто така често пати се служел со таен идентитет.

Тој иако за разлика од Супермен немал надчовечки моќи, тоа не го спречило, покрај бројниот непријател, да ја обиколува цела Македонија и во голем број на градови и села да го засади семето на македонската револуционерна организација и на борбата за национално ослободување.

За него народниот гениј ја испеал „Абер ми дојде од Солуна града“, а името на овој македонски херој, сигурно веќе погодувате дека е Гоце Делчев. Според оваа песна додека властите во Солун му спремале бесилка, Гоце преправен во ќумурџиче, без при тоа да биде откриен, спокојно се шетал низ Солунската чаршија и го исмевал аскерот.

Неговите подвизи во кои што се служел со таен идентитет не се само дел од македонскиот фолклор. Гоце Делчев навистина во повеќе наврати маскиран се појавувал пред будниот, но недоволно продорен поглед на османлиските власти. Влегувајќи во устата на ѕверот, Гоце, на два наврати претставувајќи се како друг го посетил Даме Груев додека тој бил во Битолскиот затвор.

Таен идентитет користеле и други припадници на ВМРО

За случајот со киднапирањето на Мис Стон, весникот The Stark County Democrat (стр. 2), од 22 октомври, 1901 година соопштува дека било извршено од Македонци маскирани како Турци:



Sofia correspondents of the Politische Correspondenz, the Pester-Lloyd and other papers were correct when declaring that Macedonians disguised as Turks had kidnaped Miss Stone and

„...Софискиот кореспондент на Politische Correspondenz, на Pester-Lloyd и на други весници беа во право кога соопштуваа дека Македонците преправени како Турци ја киднапираа Мис Стон...“

Речиси истово е соопштено и во весникот The bee, (стр. 3) од 24 октомври, 1901 година.

Но ова не е единствениот случај во кој Македонците се преправале во непријателот. Во весникот The Ocala banner (стр. 6), од 28 ноември, 1902 година, се соопштува дека Македонци, припадници на ВМРО, се маскирале во османлиски жандарми:



In the Salonica district an attack was made on the house of the head man of the village. He escaped, but his wife and two sons and two daughters were bayoneted, it is alleged, by emissaries of the Macedonian committee disguised as gendarmes.

„Во солунскиот округ беше нападната куќата на главниот човек на селото. Тој избега, но неговата сопруга и двата сина и двете ќерки беа прободени со бајонет. Се тврди, дека ова е извршено од емисари на македонскиот комитет преправени како жандарми.“

За време на својата последна посета на Македонија во 1912 година, македонскиот револуционер Пере Тошев ја поминал границата под туѓ идентитет и со пасош на туѓо име (Т. Ст. „Пере Тошев, спомени за него и сведоштва“, Илустрација Илинден, година 3., книга 5 (25), стр. 1-3, април 1930 година).

Иако историски непотврдено, според едно македонско народно предание за него (Танас Вражиновски „Македонски народни преданија“, цит. дело, стр. 26-29) со таен идентитет, преправен како царски курир, се служел и Александар III Македонски. Интересно е и тоа што самиот Александар III Македонски се споменува во веројатно најдобрата графичка новела за маскирани херои - Watchmen, а и еден од главните ликови од оваа новела, во голема мера е инспириран од делото на великиот македонски војсководец.

Да, Македонија можеби нема светски познати маскирани херои како Супермен, Бетмен или Спајдермен, но оние маскирани херои кои што Македонија ги има, за разлика од нив, не се измислени ликови, туку вистински луѓе кои поради својот хероизам прераснале во легенди!

Александар Стеванов

„Охрид низ објективот на Горан Петровски“

© GoranP Photography

© GoranP Photography

GoranP Photography

© GoranP Photography

© GoranP Photography

Живеалиште на селанец од камен и дрво

Типот на живеалиштата во Западна Македонија зависи од карактерот и начинот на живот на селаните кои што живеат во нив. На висорамнина, малата дрвена куќа е основана на високи камени темели и е покриена со сламен покрив. Живеалиштата обично се многу скромни, приземјето се користи делумно како магацин, а делумно како засолниште за стоката во текот на студените месеци.

J. A. Hammerton “People of All Nations”
Превод: Александар Стеванов





Lowly peasant dwelling of stone and timber construction

The peasants home of Western Macedonia varies with the character and mode of life of its occupants. In the highlands the small wooden house are perched about the hillsides on high stone foundations, surmonted by thatched roofs. They are generaly of very unpretentious aspect, the ground floor being used partly as a storehouse, partly as a shelter for the livestock during the cold months

J. A. Hammerton “People of All Nations”
Photo: L. G. Popoff

Пријатели на

Учесник на Графичкото триенале во Битола и на Биеанале во Тетово.

Шенол Сак е роден во Болу, Турција, во 1964 г. Своето основно и средно образование го завршил во Болу. Дипломирал на одделот за уметност во рамките на педагошкиот факултет при универзитетот Абант Изет Бајсал. Во моментот работи како наставник во Болу, а воедно е и уметнички директор на општинскиот центар за уметност Мехмет Јачетурк исто така во Болу. Уметникот употребува мотиви на риби во уникатно индивидуален стил. Од 1993 г. наваму тој има направено 23 самостојни изложби во различни градови, а учествувал и во многу заеднички изложби. Уметникот, чии слики облагородуваат многу јавни и приватни колекции, е член (од Турција) на Меѓународната Асоцијација на Уметници при УНЕСКО.

„Сликарот на риби, уметникот Шенол Сак праќа поздрав до Македонија, од Болу, Турција”





The artist was born in Bolu-TURKEY ,in 1964. He completed his primary and secondary education in Bolu. He graduated from the Art Education department of Abant Izzet Baysal University's Faculty of Education. He is currently employed as an instructor in Bolu, and has also been working for the Bolu Municipality Mehmet Yuceturk Art Center's as the Director of Art.The artist uses the fish motif in an uniquely individual style. Since 1993, he has opened 23 individual exhibitions in various cities and participated in many mixed showings. The artist, whose paintings grace many public and private collections, is a member of (Turkey)-UNESCO-aiap International Ass. of Art and GESAM

"Fishpainter Artist Senol SAK greetings to Macedonia, from Bolu-TURKEY"

Светот на Бромо


ПРЕД СОСТАНОК...
BROMO'S WORLD © vlado janevski
http://bromosworld.blogspot.com
БРУНО, ИЗГЛЕДАШ УМОРЕН.
ПРЕМНОГУ РАБОТА... МЕ ИСЦРПУВА. МИ ТРЕБА ОДМОР.


ЗОШТО ТОЛКУ ТАЖЕН ДЕНЕС?
BROMO'S WORLD © vlado janevski
ДОКТОРОТ МИ РЕЧЕ НЕМА ДА ЖИВЕАМ ВЕЧНО.
http://bromosworld.blogspot.com
ФАЛА МУ НА БОГА, МАЧКИТЕ ИМААТ ДЕВЕТ ЖИВОТИ.

Владо Јаневски

Гане Тодоровски



Никола Анѓелкоски

Во следниот број ќе читате:

„Плодотворните аспекти на точкастите елементи зрна или јајца – застапени во македонската традиционална орнаментика“ - д-р Јасминка Ристовска Пиличкова

Интервју со режисерот на документарецот „A Great Macedonian“ Renato Giuqliano – Редакција

„Народни песни за војводата Пандил Шишков , Ѓорѓија Еминагов ,Тане Стојчев и Мице Цицков“- Андонов Благојче

„Го отворив седмиот број на Македонска ризница и сум просто воодушевена. Не дека во овој број имам учество, ова е нешто што нам, писателите ни треба. Признавам на почетокот бев скептична, но сега навистина сум пријатно изненадена. Ви посакувам успешна работа...“

Билјана Т. Димко

08

Можете:

да споделите – да умножувате, дистрибуирате, јавно да го прикажувате или јавно дигитално да го прикажувате делото.

Под следните услови:

Наведи извор — Морате да го наведете изворот на ист начин како што тоа го направил авторот или давателот на лиценцата (но не на начин кој би сугерирал дека тие ве поддржуваат вас или вашето дело).

Некомерцијално — Не смеете да го користите ова дело за комерцијални цели.

Без адаптирани дела. — Не смеете да го промените, трансформирате или да го адаптирате ова дело.

Е-ПОШТА:
makedonska.riznica@yahoo.com

Медиумски покровители:

cOoLTuRa